IFAB



# Правила на футбалската игра

# 23/24

Download
Laws of the Game App

**Одобрил: Судиски Одбор – ФФМ**

Скопје, јули 2023

## СОДРЖИНА


| | | | |
|---|---|---|---|
| Правило 1 | - | Терен за игра | 4 |
| Правило 2 | - | Топка | 13 |
| Правило 3 | - | Играчи | 15 |
| Правило 4 | - | Опрема на играчите | 21 |
| Правило 5 | - | Судија | 26 |
| Правило 6 | - | Други официјални лица (судии) | 34 |
| Правило 7 | - | Времетраење на натпреварот | 40 |
| Правило 8 | - | Почеток и продолжување на играта | 42 |
| Правило 9 | - | Топка во игра и надвор од игра | 45 |
| Правило 10 | - | Одредување на победник на натпреварот | 46 |
| Правило 11 | - | Офсајд | 50 |
| Правило 12 | - | Прекршоци и неспортско однесување | 54 |
| Правило 13 | - | Слободни удари | 68 |
| Правило 14 | - | Казнен удар | 71 |
| Правило 15 | - | Уфрлување | 76 |
| Правило 16 | - | Удар од гол | 78 |
| Правило 17 | - | Удар од агол | 79 |

# ПРАВИЛО 1 - ТЕРЕН ЗА ИГРА

**1. Подлога на теренот**

Теренот за игра мора целиот да биде од природна трева или ако правилата на натпреварувањето дозволуваат вештачка трева, односно комбинација на природна и вештачка трева (хибриден систем).

Бојата на вештачката трева мора да биде зелена.

За меѓународни натпревари квалитетот на вештачката трева мора да ги задоволува стандардите на ФИФА.

Онаму каде што се користи вештачка трева за натпревари помеѓу репрезентативни тимови на националните фудбалски федерации поврзани со ФИФА или меѓународни клупски натпревари, вештачката трева мора да ги исполнува барањата на Програмата за квалитет на ФИФА за фудбалски тревник, освен ако е дадена посебна дозвола од ИФАБ.

**2. Обележување на теренот**

Теренот за игра мора да биде правоаголен и обележан со полни линии кои не смеат да бидат опасни за играчите; може да се употреби вештачки материјал за обележување на теренот со природна трева доколку не е опасен. Овие линии припаѓаат на областите што ги обележуваат.

Само линиите кои се назначени во Правило 1 смеат да бидат обележани на теренот за игра. Каде што се користат вештачки површини, дозволени се и други линии под услов да се со различна боја и јасно да се разликуваат од фудбалските линии.

Двете подолги гранични линии се нарекуваат надолжни линии, а двете пократки гранични линии се нарекуваат попречни/гол-линии.

Теренот за игра е поделен на две половини со средишна линија, која се спојува со средишните точки на двете надолжни линии.

На средината од средишната линија се обележува точка околу која се бележи круг со радиус од 9,15 m.




- Мерењата се од надворешната страна на линиите, бидејќи линиите сесоставен дел од областа која ја означуваат.
- Точката за казнен удар се мери од центарот на точката до задниот рабна гол линијата.

Линии можат да се обележат надвор од теренот за игра на 9.15 m од аголниот лак под прав агол со попречните/гол-линиите и со надолжните линии.

Сите линии мора да бидат со иста широчина, која не смее да биде поголема од 12 cm. Гол линиите мора да бидат со иста широчина како и стативите и пречката.

Играч кој прави неовластени ознаки на теренот за игра мора да биде опоменат за неспортско однесување. Ако судијата ова го забележи за време на играта, играчот ќе го опомене во првиот прекин на играта.

**3. Димензии**

Надолжната линија мора да биде подолга од попречната линија.

| Должина (надолжна линија) | | Должина (попречна линија) | |
|---|---|---|---|
| Минимум | 90 m | Минимум | 45 m |
| Максимум | 120 m | Максимум | 90 m |

Секое натпреварување може да ја одреди должината на попречната и надолжната линија според горенаведените димензии.

**4. Димензии за меѓународни натпревари**

| Должина (надолжна линија) | | Должина (попречна линија) | |
|---|---|---|---|
| Минимум | 100 m | Минимум | 64 m |
| Максимум | 110 m | Максимум | 75 m |

Секое натпреварување може да ја одреди должината на попречната и надолжната линија според горенаведените димензии.

## 5. Голмански простор

Две линии се повлечени под прав агол со гол линијата на 5.5 m од внатрешниот дел на секоја статива. Овие линии се протегаат во теренот за игра 5.5 m и се спојуваат со линија паралелна со попречната гол- линија. Просторот обележан со овие линии и попречната гол-линија се нарекува голмански простор.

## 6. Казнен простор

Две линии се повлечени под прав агол со гол линијата на 16.5 m од внатрешниот дел на секоја статива. Овие линии се протегаат во теренот за игра 16.5 m и се спојуваат со линија паралелна со попречната гол- линија. Просторот обележан со овие линии и попречната гол-линија се нарекува казнен простор.
Во секој казнен простор се обележува точка за казнен удар на 11 m од средината помеѓу двете стативи.
Надвор од казнениот простор обележан е лак на круг со радиус од 9.15 m од центарот на секоја точка за казнен удар.

## 7. Простор за удар од агол

Просторот за удар од агол е дефиниран како четвртина од круг со радиус од 1 m, кој започнува од секое корнер знаменце и е обележан внатре во теренот за игра.



## 8. Корнер знаменца

Знаменца со висина од најмалку 1.5 m со заоблен врв мора да бидат поставени на секој агол од теренот за игра.

Знаменца може да бидат поставени и на секој крај од средишната линија, одалечени најмалку 1 m од надолжната линија.

## 9. Техничка област

Техничката област се обележува на натпревари кои се играат на стадиони со назначен простор за седење на официјалните лица на екипата, резервни играчи и заменети играчи како што е подолу наведено:

- Техничката област се протега 1 m лево и 1 m десно од клупите за седење и до 1 m од надолжната линија
- За да се дефинира областа таа треба да биде означена
- Бројот на лицата кој може да се наоѓаат во техничката област е дефиниран со правилата за натпреварување
- Лицата во техничката област:
    - Се идентификуваат пред почетокот на натпреварот во согласност со правилата на натпреварувањето
    - Мора да се однесуваат на одговорен начин
    - Мора да останат во нејзините граници освен во посебни околности, пример кога е потребна интервенција на физиотерапевт/доктор во теренот за игра со дозвола од судијата, за преглед на повреден играч.
- Само едно лице во исто време е овластено да пренесува тактички инструкции од техничката област

## 10. Голови

Гол мора да биде поставен на средината од секоја попречна/гол-линија.

Голот се состои од две вертикално поставени стативи на еднакво растојание од корнер знамињата и се поврзани со хоризонтална пречка. Стативите и пречката мора да бидат направени од одобрен материјал и не смеат да бидат опасни. Стативите и пречката на двата гола мора да бидат со иста форма, која мора да биде квадратна, правоаголна, тркалезна, елипсовидна или комбинација од овие опции.

Се препорачува сите голови што се користат во официјални натпреварувања организирани под покровителство на ФИФА или конфедерации да ги исполнуваат барањата на програмата за квалитет на ФИФА за фудбалски голови.

Растојанието помеѓу внатрешните страни на стативите е 7.32 m , а растојанито од долниот раб на пречката до земјата е 2.44 m.

Положбата на стативите во однос на гол линијата мора да биде во согласност со графикот.

Стативите и пречката мора да бидат бели и да имаат иста широчина и длабочина, која не смее да надминува 12 cm.

Ако пречката се помести или скрши, играта се прекинува се додека истата не се поправи или замени. Играта ќе продолжи со спуштање на судиска топка. Ако не може да се поправи, натпреварот мора да се прекине. Јаже или било кој флексибилен или опасен материјал не може да ја замени пречката.

Мрежите може да се прикачат на головите и на земјата позади голот, тие мора да бидат соодветно прицврстени и не смеат да му пречат на голманот.

**Безбедност**

Головите (вклучувајќи ги и преносливите голови) мора да бидат цврсто прицврстени на земја.

## 11. Гол линија технологија (ГЛТ)/Goal line technology (GLT)

ГЛТ/GLT системите може да се користат за да се потврди дали е постигнат гол за поддршка на одлуката на судијата.

Употребата на ГЛТ/GLT мора да биде наведена во правилата за натпреварување.


IFAB
2.44 m
7.32 m
Поставеноста на стативите во однос
на гол-линијата мора да биде во
согласност со графиците
7.32 m
7.32 m
7.32 m
7.32 m

**Принципи на ГЛТ/GLT**
ГЛТ/GLT се применува исклучиво на гол-линијата и се користи само да се утврди дали е постигнат гол.

Сигнализирањето дали е постигнат гол мора да биде веднаш и автоматски потврдено во рок од една секунда од ГЛТ/GLT системот само до официјалните лица од натпреварот (преку часовникот на судијата со вибрации и визуелен сигнал), тоа може исто така да биде испратено и до Работната видео просторија (РВП)/Video operation room (VOR).

**Барања и спецификации на ГЛТ/GLT**
Ако ГЛТ/GLT се користи на официјални натпревари, организаторот на натпреварувањето мора да обезбеди системот (вклучувајќи ги сите потенцијално дозволени модификации на рамката на голот или технологијата во топката) да ги исполнува барањата на програмата за квалитет на ФИФА за ГЛТ/GLT.

Онаму каде што се користи ГЛТ/GLT, судијата мора да ја тестира функционалноста на технологијата пред натпреварот, како што е наведено во прирачникот за тестирање. Ако технологијата не функционира, судијата не смее да го користи системот ГЛТ/GLT и мора да го пријави тоа до соодветните органи.

**12. Комерцијално рекламирање**
Било каква форма на рекламирање (реална или виртуелна) не е дозволена на теренот за игра, во просторот кој го опфаќаат мрежите на голот, во техничката област и на растојание од 1 m од надолжните и попречните линии, од моментот кога екипите ќе влезат во теренот за игра, се до напуштање на теренот на полувреме и од нивното враќање на теренот, се до крајот на натпреварот. Рекламирање не е дозволено и на головите, мрежите или на корнер знаменцата. Не е дозволено ниту прикачување на камери и микрофони на нив.

Рекламите може да бидат поставени:

- Најмалку на 1 m од надолжните линии
- На исто растојание со длабочината на мрежите позади гол-линиите
- Најмалку на 1 m позади мрежите

## 13. Лого и Амблеми

Репродукција дали реална или виртуелна на логоа и амблеми на ФИФА, конфедерации, национални асоцијации, клубови и други тела е забранета на теренот за игра, на мрежите и просторот кој го опфаќаат, на головите и на држачите за корнер знаменца. Репродукција е дозволена само на корнер знаменцата.

## 14. Видео помошни судии (ВПС)/Video assistant referees (VAR)

На натпреварите каде што се употребуваат ВПС/VAR мора да има просторија за ВАР-судии (ПВС) / Video operation room (VOR) и еден простор за преглед на снимка (ППС) / Referee review area (RRA).

**Просторија за ВАР-судии (ПВС)/ Video operation room (VOR)**

Просторија за ВАР-судии (ПВС)/Video operation room (VOR) е каде што работат видео помошен судија (ВПС)/ Video assistant referee (VAR), асистент ВАР-судија (АВПС)/ assistant video assistant referee (AVAR) и операторот за снимка (ОС)/ replay operator (RO). Таа може да биде во или блиску до стадионот или на одалечена локација. Само на овластени лица им е дозволено да влегуваат во ПВС/VOR или да комуницираат со ВПС/VAR; АВПС/AVAR или ОС/RO за време на натпреварот.

Ако играч, резервен играч, заменет играч или службено лице на екипата влезат во ПВС/VOR, ќе бидат исклучени.

**Простор за преглед на снимка (ППС)/ Refereee review area (RRA)**

На натпреварите кои користат ВПС/VAR мора да има најмалку еден ППС/RRA простор, каде главниот судија ќе го прегледа спорниот момент.
ППС/RRA мора да биде:

- На видливо место надвор од теренот за игра
- Да биде јасно обележано

Ако играч, резервен играч, заменет играч или службено лице на екипата влезат во ППС/RRA просторот, ќе бидат опоменати.

# ПРАВИЛО 2 - ТОПКА

**1. Квалитет и мерки**

Сите топки мора да бидат:

- Тркалезни
- Изработени од соодветен материјал
- Со обем меѓу 68 – 70 cm
- Меѓу 410 – 450 g тежина на почетокот на натпреварот
- Со притисок еднаков на 0.6 – 1.1 атмосфери (600-1100 g/cm$^2$) на нивото од 0 m надморска височина.

Сите топки кои се користат на официјални натпревари организирани под покровителство на ФИФА или конфедерациите мора да ги исполнуваат условите и да имаат една од ознаките на програмата за квалитет на ФИФА за фудбал.

Секоја ознака покажува дека топката е официјално тестирана и дека исполнува специфични технички барања за таа ознака кои се дополнителни на минималните спецификации пропишани во Правилото 2 и мора да бидат одобрени од ИФАБ.

Натпреварувањата на националните фудбалски асоцијации може да бараат употреба на топки кои имаат една од овие ознаки.

На официјални натпревари организирани под покровителство на ФИФА, конфедерациите или националните асоцијации не е дозволено комерцијално рекламирање на топките освен логото/амблемот на натпреварот, организаторот на натпреварувањето и марката на овластениот производител. Правилата на натпреварувањето може да ја ограничат големината и бројот на таквите ознаки.

**2. Замена на неисправна топка**

Ако топката стане неисправна:

- Играта се прекинува и
- Продолжува со спуштање на судиска топка

Ако топката стане неисправна при изведување на почетен удар, удар од гол, удар од агол, слободен удар, казнен удар или уфрлување, за продолжување на играта ударот повторно се изведува.

Ако топката стане неисправна за време на изведување на пенал или при самиот удар од точката за пенал, и додека се движи напред, а пред да допре друг играч, пречка или статива од голот, пеналот повторно се изведува.

Топката не смее да се менува за време на натпреварот без дозвола на судијата.

**3. Дополнителни топки**

Дополнителни топки кои ги исполнуваат условите од Правилото 2 може да се постават околу теренот за игра и нивната употреба е под контрола на судијата.

# ПРАВИЛО 3 - ИГРАЧИ

## 1. Број на играчи

Натпреварот се игра меѓу две екипи, секоја екипа е составена од најмногу единаесет играчи, еден мора да биде голман. Натпреварот не може да почне или да продолжи ако било која екипа има помалку од седум играчи.

Ако екипата има помалку од седум играчи, бидејќи еден или повеќе играчи намерно го напуштиле теренот за игра, судијата не треба да ја прекине играта и ќе дозволи предност, но натпреварот не смее да се продолжи откако топката ќе биде надвор од игра, ако екипата нема минимален број од седум играчи.

Ако во правилата за натпреварување е наведено дека сите играчи и замените мора да бидат пријавени во записникот пред почетниот удар и екипата  го започнува натпреварот со помалку од единаесет играчи, само играчите и замените кои се пријавени во записникот може да земат учество во натпреварот по нивното пристигнување.

## 2. Број на замени

**Официјални натпреварувања**

Бројот на замени, најмногу до пет (5), може да се користи на секој натпревар одигран во официјално натпреварување ќе биде одреден од ФИФА, конфедерациите или националните фудбалски федерации. За машки и женски натпреварувања во кои учествуваат првите екипи на клубовите во највисокиот ранг на натпревари или сениорските „А“ национални репрезентации каде правилата за натпреварување дозволуваат да се искористат најмногу пет (5) замени, секој екипа :

- Има најмногу три можности за замена *
- Може дополнително да направи замени на полувремето

**Кога двете екипи прават замена во исто време, тоа ќе се смета како искористена можност за замена за двете екипи. Повеќе замени (и барања) од екипата за време на истиот прекин во играта се брои како една искористена можност за замена.*

**Продолженија**

- Ако тимот не го искористил максималниот број на замени и/или можности за замени, сите неискористени замени и можности за замени може да се користат во продолженијата
- Каде правилата за натпревари дозволуваат екипите да искористат уште една дополнителна (шеста) замена во продолженијата, секоја екипа ќе има уште една дополнителна можност за замена
- Замените може исто така да бидат направени во периодот помеѓу пропишаното време (пр. 90 мин.) и почетокот од дополнителното време (продолженијата 2 x 15 мин.) и на полувремето во продолженијата - овие не се сметаат како искористена можност за замена

Во правилата за натпревари мора да биде одредено:

- Колку резервни играчи можат да бидат внесени во записникот, од три до максимум петнаесет
- Дали една дополнителна замена може да се искористи кога натпреварот се игра во продолженија (без разлика дали екипата го искористила или не целиот број од дозволени замени)

**Други натпревари**

Во сениорските „А“ меѓународни репрезентативни натпревари, можат да бидат пријавени максимум 15 (петнаесет) замени, од кои може да бидат искористени максимум 6 (шест).
Во сите други натпревари може да се користат поголем број на замени под услов:

- Екипите се договорат за максималниот број на замени
- Судијата да е информиран пред натпреварот

Ако судијата не е информиран или екипите не се договорат пред натпреварот, на секоја екипа и се дозволени најмногу 6 (шест) замени.

**Заменети играчи повторно во игра**

Ова правило заменет играч повторно да може да влезе во игра е дозволено само во младинските категории, во категорија на ветерани, категорија за инвалиди и грасрут фудбал, што е предмет на договор со националните фудбалски федерации, конфедерации или ФИФА.

## 3. Процедура за замена на играч

Имињата на замените мора да му бидат дадени на судијата пред почетокот на натпреварот. Секоја замена која не е пријавена во записникот до овој момент, не може да учествува во натпреварот.

За да се замени играч со резервен мора да се запази следново:

- Судијата мора да биде информиран пред да се направи било каква замена
- Играчот што се заменува:

  - Добива од судијата дозвола да го напушти теренот за игра освен ако веќе не е надвор од теренот, и мора да го напушти теренот за игра од најблиската точка  на граничната линија, освен ако судијата не одреди дека играчот може да го напушти теренот за игра директно и веднаш од средишната линија или од друго место (пр. доколку се работи за безбедност или повреда)
  - Мора веднаш да оди во техничкиот простор или соблекувалната и не може повторно да учествува во натпреварот, освен ако е дозволено враќање на заменети играчи

- Ако играчот кој треба да биде заменет одбива да го напушти теренот за игра, играта продолжува.

Замената влегува во теренот за игра само:
- Додека играта е во прекин
- Од средишната линија од теренот за игра
- Откако играчот што се заменува ќе го напушти теренот за игра
- После добивање сигнал од судијата

Замената е комплетна кога резервниот играч ќе влезе во теренот за игра. Од тој момент, резервниот играч станува играч, а играчот кој излегол е заменет играч.
Сите заменети играчи и замени се под јурисдикција на судискиот тим, без разлика дали се во игра или не.

### 4. Замена на голман
Секој од играчите може да го промени местото со голманот:
- Ако судијата е информиран пред  да се напрви промената
- Промената е направена само додека играта е во прекин

### 5. Прекршоци и санкции
Ако пријавен резервен играч го започнал натпреварот наместо пријавен играч, а судијата не бил информиран за тоа:

- Судијата дозволува именуваниот резервен играч да продолжи со игра, играта не се прекинува
- Не може да се превземе дисциплинска мерка против резервниот играч
- Пријавениот играч кој требал да го почне натпреварот станува резервен играч
- Бројот на замени не се намалува
- Судијата за случајот ќе го извести соодветниот орган

Ако замената е направена за време на полувремето или пред продолженијата, процедурата треба да биде комплетирана пред натпреварот да продолжи. Ако судијата не е информиран, резервниот играч може да продолжи со игра, не може да се превземе дисциплинска мерка, а судијата за случајот ќе го извести соодветниот орган.

Ако играч го замени местото со голманот без дозвола на судијата, судијата:

- Дозволува играта да продолжи
- Ќе ги опомене (жолти картони) двајцата играчи во првиот прекин на играта. Играчите не се опоменуваат (жолти картони) ако замената ја извршиле на полувреме (вклучувајќи го и полувремето во продолженијата) или во периодот помеѓу крајот на натпреварот и почетокот на продолженијата и/или пенали за добивање на победник

За било какви други прекршоци:
- Играчите се опоменуваат (жолт картон)
- Играта продолжува со индиректен слободен удар од местото каде што се наоѓала топката кога играта била прекината

## 6. Исклучени играчи и исклучени резервни играчи
Играч кој е исклучен:

- Пред поднесувањето на записникот не може воопшто да биде вклучен во записникот.
- Откако е внесен во записникот, а пред почеток на натпреварот, може да биде заменет со внесен резервен играч во записникот, кој не може да биде заменет со друг резервен играч во записникот. Бројот на замени кои екипата може да ги направи не се намалува.
- По изведување на почетниот удар, не може да биде заменет.

Резервен играч кој е исклучен пред или после почетниот удар не може да биде заменет.

## 7. Дополнителни лица на теренот за игра

Тренерот и другите официјални лица внесени во записникот на екипата (со исклучок на играчите или замените) се официјални лица на екипата. Секој кој што не е внесен во записникот на екипата како играч, замена или официјално лице на екипата е надворешно лице.

Ако официјално лице, резервен играч, заменет играч, исклучен играч или надворешно лице влезе во теренот за игра, судијата мора:

- Да ја прекине играта само доколку истите имаат влијание на играта
- Да го отстрани лицето кога играта ќе биде прекината
- Да превземе соодветна дисциплинска мерка

Ако играта е прекината, а влијанието било од:

- Од официјално лице, резервен играч, заменет играч или исклучен играч, играта ќе продолжи со директен слободен удар или казнен удар
- Од надворешно лице, играта ќе продолжи со спуштање на судиска топка

Ако топката оди во голот, а влијанието не го попречило одбранбениот играч да игра со топката, голот се признава ако топката влезе во голот (дури и ако е направен контакт со топката), освен ако влијанието е од екипата која напаѓа.

## 8. Играч надвор од теренот за игра

Ако играч кој бара дозвола од судијата повторно да влезе во теренот за игра, повторно влегува без дозвола на судијата, судијата мора:

- Да ја прекине играта (не мора веднаш ако играчот не влијае на играта или на службените лица-судиите, или ако може да се примени предност).
- Ќе го опомене играчот за влегување во теренот за игра без дозвола.

Ако судијата ја прекине играта, таа мора да продолжи:

- Со директен слободен удар од местото на влијание
- Со индиректен слободен удар од местото каде се наоѓала топката кога играта била прекината, ако немало влијание

Играч кој ќе ја премине граничната линија на теренот за игра како дел од движењето во играта, не направил прекршок.

## 9. Гол постигнат со дополнително лице на теренот за игра

Ако, откако е постигнат гол, судијата увиди, пред играта да продолжи, дека дополнителното лице било на теренот за игра кога е постигнат голот, и тоа лице влијае на играта:

- Судијата мора да го поништи голот ако дополнителното лице е:
  - Играч, резервен играч, заменет играч, исклучен играч или официјално лице на екипата која го постигнала голот. Играта ќе продолжи со директен слободен удар од местото каде се наоѓало дополнителното лице.
  - Надворешно лице кое ја попречувало играта, освен ако голот е постигнат како што е погоре наведено „со дополнително лице на теренот за игра", играта ќе продолжи со спуштање на судиска топка.
- Судијата мора да го признае голот ако дополнителното лице е:
  - Играч, резервен играч, заменет играч, исклучен играч или официјално лице на екипата која го примила голот.
  - Надворешно лице кое не влијаело на играта.

Во сите случаи судијата мора да го отстрани дополнителното лице од теренот за игра.

Ако, после постигнат гол играта повторно продолжи, и судијата увиди дека дополнителното лице било на теренот за игра кога голот е постигнат, голот неможе да се поништи. Ако дополнителното лице е се уште на теренот судијата мора:

- Да ја прекине играта
- Да го отстрани дополнителното лице
- Да ја продолжи играта со спуштање на судиска топка или слободен удар, соодветно од прекршокот

Судијата мора да го пријави инцидентот до соодветниот орган.

## 10. Капитен на екипата

Капитенот на екипата нема посебен статус или привилегии, туку има степен на одговорност за однесувањето на својата екипа.

# ПРАВИЛО 4 -ОПРЕМА НА ИГРАЧИТЕ

**1. Безбедност**

Играч не смее да користи опрема или да носи нешто што е опасно.

Сите предмети од накит (ланчиња, прстени, нараквици, обетки, кожни ленти, гумени ленти и др.) се забранети и мора да се отстранат. Не е дозволена употреба на трака (фластер) за да се покрие накитот.

Играчите мора да бидат проверени пред почетокот на натпреварот, а резервните играчи пред тие да влезат на теренот за игра. Ако играчот носи или користи несоодветна/опасна опрема или накит, судијата мора да му нареди на играчот да:

- Ги отстрани предметите
- Да го напушти теренот за игра во прв следен прекин на играта ако играчот не може или не сака да ја отстрани несоодветната опрема

Играч кој одбива да се придржува на барањата или ги носи предметите повторно, мора да биде опоменат.

**2. Задолжителна опрема**

Задолжителната опрема на играчот ги содржи следните одделни предмети:

- Блуза (дрес) со ракави
- Куси панталони (шорцеви)
- Чорапи (штуцни) – трака или било кој материјал кој се става или се носи надворешно мора да биде со иста боја или транспарентна боја, како оној дел од чорапот на кој е ставен или покриен
- Штитници (костобрани) – тие мора да бидат изработени од соодветен материјал за да обезбедат соодветна заштита и да бидат покриени со чорапите
- Обувки (копачки)

Голманите можат да носат долни тренерки.

Играчот чии обувки (копачки) или штитници (костобрани) случајно му испаднат, должен е да ги стави истите или замени што е можно поскоро, а најдоцна кога топката ќе биде надвор од игра. Ако пред тоа играчот игра со топката и/или постигне гол, голот ќе се признае.

### 3. Бои

- Двете екипи мора да носат бои кои се разликуваат едната од другата и од службените лица (судиите)
- Секој голман мора да носи бои кои се разликуваат од другите  играчи и од службените лица (судиите)
- Ако дресовите на двајцата голмани се со иста боја и ниту еден нема друг дрес, судијата ќе дозволи натпреварот да се игра

Блузите под дресот мора да бидат:

- Една боја која е иста боја како главната боја на ракавот од дресот или
- Дезен/бои кои се исти како на ракавот на дресот.

Термо подгаќичките/хеланките мора да бидат во иста боја со главната боја на шорцевите или долниот дел од шорцевите – играчите од иста екипа мора да носат иста боја.

### 4. Друга опрема

Заштитна опрема која не е опасна, на пример медицинска капа за глава, маска за лице, штитници за колена и раце кои се направени од мек, лесен обложен материјал се дозволени, како и капите на голманите и спортските очила.

### Медицински капи за глава

Каде се носат медицински капи за главата (со исклучок на капите на голманите) тие мора:

- Да бидат црна или иста главна боја како дресот (под услов играчите од истата  екипа да носат иста боја)
- Да бидат во согласност со професионалниот изглед на опремата на играчот
- Да не се закачени за дресот на играчот

- Да не бидат опасни за играчот што ги носи или кој било друг играч (на пр. отворање/затворање механизам околу вратот)
- Нема ниту еден дел што излегува на површината (испакнати елементи)

**Елетронска комуникација**
Играчите (вклучувајќи ги и резервните играчи, заменетите и исклучените играчи) не е дозволено да носат или користат било каква електронска или комуникациска опрема (освен каде што е дозволен електронски перформанс и систем за следење - ЕПСС). Употребата на било која форма на електронска комуникација од страна на официјалните лица на екипата е дозволена, ако се користи и директно се однесува на состојбата на играчот, или безбедноста, или од тактички/тренерски причини но само мали, мобилни, рачни опреми (микрофон, слушалки, мобилен телефон/ паметен телефон, паметен часовник, таблет, лаптоп може да се користат). Официјалното лице на екипата кој користи неовластена опрема или кој се однесува на несоодветен начин како резултат на употребата на електронската или комуникациската опрема ќе биде исклучен.

**Електронски перформанси и систем за следење (ЕПСС) – Electronic performance and tracking systems (EPTS)**
Каде што технологијата за носење (ТН)/ wearable technology (WT) како дел од електронските системи за перформанси и следење (ЕПСС) се користи на официјални натпревари организирани под покровитеклство на ФИФА, конфедерациите или националните фудбалски федерации, организаторот на натпреварувањето мора да се осигура дека технологијата прикачена на опремата на играчите не е опасна и ги исполнува барањата за носење на ЕПСС/EPTS според програмата за квалитет на ФИФА за ЕПСС/EPTS.

Онаму каде што ЕПСС/EPTS се обезбедени од организаторот на натпреварот или од организаторот на натпреварувањето тоа е одговорност на организатоторот на натпреварот или организаторот на натпреварувањето да се осигура дека информациите и податоците кои се пренесуваат од ЕПСС/EPTS до техничкиот простор за време на официјален натпревар се сигурни и точни.

ФИФА програмата за квалитет за ЕПСС/EPTS ги поддржува организаторите на натпреварите со процесот на одобрување на доверливи и точни елетронски перформанси и систем за следење.

**5. Пароли, изјави, слики и реклами**
Опремата не смее да има никакви политички, верски или лични пароли, изјави или слики. Играчите не смеат да откриваат долна облека што

покажува политички, верски и лични пароли, изјави, слики или реклами, освен логото на производителот. За секој прекршок играчот и/или екипата ќе бидат санкционирани од организаторот на натпреварувањето, националната фудбалска федерација или од ФИФА.

**Принципи**

- Правилото 4 се применува на целата опрема (вклучувајќи ја и облеката) што ја носат играчите, резервните играчи и заменетите играчи. Ова важи и за сите официјални лица на екипата во техничкиот простор.
- Следното (најчесто) е дозволено:

  - Број на играчот, име, грб/лого на екипата, пароли/амблеми кои ја промовираат фудбалската игра, почит и интегритет, како и секое рекламирање дозволено со правилата на натпреварувањето или прописите на националните фудбалски федерации, конфедерации или ФИФА.
  - Факти од натпреварот: екипи, датум, натпреварување/настан, место на одржување.
  - Дозволените пароли, изјави или слики треба да бидат ограничени на предната страна на дресот и/или лентата околу раката.
  - Во некои случаи, паролата, изјавата или сликата може да се појават само на капитенската лента.

**Толкување на правилото**

Кога се толкува дали паролата, изјавата или сликата се дозволени, треба да се земе во предвид Правилото 12 (Прекршоци и неспортско однесување), кое бара од судијата да превземе акција против играч кој е виновен за:

- Користење агресивност, навредува или навредлив јазик и/или дејствија.
- Делување на провокативен, подбивен или иритирачки начин.

Секоја парола, изјава или слика што спаѓа во која било од овие категории не е дозволена.

Додека „религиозното“ и „личното“ се релативно јасно дефинирани, „политичкото“ е помалку јасно, но пароли, изјави или слики поврзани со следново не се дозволени:

- Било кои лица, живи или мртви (освен ако тоа не е дел од официјалното име на натпреварувањето)
- Било која локална, регионална, национална или меѓународна политичка партија/организација/група и др.
- Било која локална, регионална или национална влада или кој било од нејзините оддели, канцеларии или функции
- Секоја организација која е дискриминаторска
- Секоја организација чии цели /дејствувања можат да навредат одредена група на луѓе
- Било кој конкретен политички чин/настан

Кога се одбележува значаен национален или меѓународен настан, сензибилитетот на противничката екипа (вклучувајќи ги нивните поддржувачи) и генерално публиката треба внимателно да се разгледа.

Правилата за натпреварување може да содржат дополнителни ограничувања, особено во однос на големината, бројот и положбата на дозволените пароли, изјави и слики.
Се препорачува спорови поврзани со пароли, изјави или слики да бидат решени пред натпреварот/натпреварувањето.

### 6. Прекршоци и санкции

За каков било прекршок, играта не треба да се прекине, и на играчот:

- Му е наложено од судијата да го напушти теренот за игра за да ја корегира опремата
- Го напушта теренот за игра кога играта е прекината, освен ако опремата е веќе корегирана

Играчот кој го напушта теренот за игра за да ја корегира или смени опремата мора:

- Опремата мора да биде проверена од некој од судиите пред да му биде дозволено повторно да се врати во теренот за игра
- Повторното влегување во теренот за игра е само со дозвола на главниот судија (која може да биде дадена и за време на играта)

Играчот кој влегува без дозвола на судијата мора да биде опоменат. Ако играта е прекината за да се опомене, ќе се досуди индиректен слободен удар од местото каде била топката кога играта била прекината; освен ако влијаел на играта, во тој случај се досудува директен слободен удар (или казнен удар) на местото каде играчот влијаел на играта.

# ПРАВИЛО 5 - СУДИЈА

## 1. Авторитетот на судијата

Секој натпревар е воден од судија кој има целосно овластување да ги примени Правилата на фудбалската играта во врска со натпреварот.

## 2. Одлуки на судијата

Одлуките ќе се носат според најдобрите можности на судијата, а во согласност со Правилата на фудбалската игра и „духот на играта" и ќе се засноваат на мислењето на судијата кој има дискреционо право да превземе соодветни мерки во рамките на Правилата на фудбалската игра.

Одлуките на судијата во врска со фактите поврзани со играта, вклучително и дали е постигнат гол или не, како и резултатот на натпреварот се конечни. Одлуките на судијата и сите други службени лица (судии) мора секогаш да се почитуваат.

Судијата не смее да ја промени одлуката за повторен почеток кога ќе увиди дека е неточна или по совет на друго службено лице (судија) на натпреварот, ако играта е продолжена или судијата го означи крајот на првото или второто полувреме (вклучувајќи ги и продолженијата), и го напушти теренот за игра или го прекинал натпреварот. Меѓутоа, ако на крајот од полувремето, судијата го напушти теренот за игра за да оди во просторот за преглед на снимка ППС/RRA или да им наложи на играчите да се вратат на теренот за игра, тоа не го спречува да ја смени одлуката за инцидентот кој се случил пред крајот на полувремето.

Освен како што е наведено во Правилото 12.3 и протоколот за ВПС/VAR, дисциплинска мерка може да се покаже по продолжување на играта само ако друго службено лице (судија) го идентификувал и се обидел да му го соопшти прекршокот на судијата пред играта да биде продолжена. Продолжението на играта по изрекување на дисциплинската мерка не може да се промени и останува исто.

Ако судијата е онеспособен, играта може да продолжи под надзор на другите службени лица (судии), само до првиот прекин на играта.

## 3. Овластувања и должности

Судијата:

- Ги применува Правилата на фудбалската игра
- Го контролира натпреварот во соработка со другите службени лица (судии)
- Го мери времето, води евиденција за натпреварот и им дава извештај на соодветните органи, поднесува извештај на соодветните органи за натпреварот, вклучувајќи информации за дисциплинските мерки и сите други инциденти кои се случиле пред, за време или после натпреварот
- Ја прати и/или укажува на повторно започнување на играта

**Предност**

- Дозволува играта да продолжи кога има прекршок и екипата која не направила прекршок ќе има корист од предноста, и ќе го казни прекршокот ако очекуваната предност не се оствари во тој момент или во рок од неколку секунди.

**Дисциплински мерки**

- Го казнува потешкиот прекршок во однос на санкционирање, продолжување на играта, физичкото и тактичкото влијание кога ќе се случат повеќе од еден прекршок во исто време
- Презема дисциплински мерки против играчите кои се виновни за прекршоци за опомена (жолт картон) и исклучување (црвен картон)
- Има овластување да преземе дисциплински мерки од самото влегување на теренот за игра за контрола пред натпреварот, до напуштање на теренот за игра по завршувањето на натпреварот (вклучувајќи и пенали за добивање а победник). Ако играчот пред да влезе на теренот за игра пред почеток на натпреварот направи прекршок за исклучување, судијата има овластување да му забрани учество на тој играч на натпреварот. (види правило 3.6). Судијата ќе пријави секое друго недолично однесување
- Има овластување да покаже жолти или црвени картони, каде што правилата за натпреварување дозволуваат привремено да го исклучи играчот од влегување на теренот на почетокот на натпреварот, се до крајот на натпреварот, вклучително и за време на одморот на полувремето, продолженијата, и пеналите за добивање на победник
- Презема мерки против официјалните лица на екипата кои не постапуваат на одговорен начин и предупредува или покажува жолт картон за опомена или црвен картон за исклучување од теренот за игра, неговото непосредно опкружување, вклучително и техничката област. Ако прекршителот не може да се идентификува ќе се санкционира

главниот тренер присутен во техничката област. Официјално медицинско лице од екипата кое ќе направи прекршок за исклучување, може да остане ако екипата нема на располагање друго медицинско лице, за да пружи медицинска помош на играчите од својата екипа
- Постапува по совет на другите службени лица (судиите) на натпреварот во врска со инцидентите кои судијата не ги видел

**Повреди**

- Дозволува играта да продолжи се додека топката не излезе од игра ако играчот е само полесно повреден
- Ја прекинува играта ако играчот е сериозно повреден и обезбедува соодветно напуштање на повредениот играч од теренот за игра. На повреден играч не смее да му се укажува лекарска помош на теренот за игра и може повторно да влезе само откако играта повторно започнала. Ако топката е во игра, враќањето во терен за игра мора да биде од надолжната линија, но ако топката е надвор од игра, враќањето може да биде од било која гранична линија на теренот за игра. Исклучоци од барање за напуштање на теренот за игра се само кога:
  - Голман е повреден
  - Голман и играч на теренот се судриле и им е потребна лекарска помош
  - Играчи од иста екипа се судриле и им треба лекарска помош
  - Се случила тешка повреда
  - Играч е повреден како резултат на прекршок за кој противникот е опоменат или исклучен (пр. остар старт или груба игра), доколку проценката/третманот се заврши брзо.
  - Досуден е казнен удар и повредениот играч ќе биде изведувач
- Ќе обезбеди секој играч што крвари да го напушти теренот за игра. Играчот може повторно да влезе кога ќе добие сигнал од судијата кој мора да биде сигурен дека крварењето престанало и дека нема крв на опремата.
- Ако судијата одобрил на лекарите и/или носачите на носилки да влезат во теренот за игра, играчот мора да го напушти теренот на носилки или со одење. Играч кој не се придржува до препораките на судијата, мора да се опомене за неспортско однесување.
- Ако судијата одлучил да опомене или исклучи играч кој е повреден и кој го напушта теренот за игра, картонот мора да биде покажан пред играчот да го напушти теренот за игра
- Ако играта не е прекината поради друга причина или повредата на играчот не настанала како резултат на прекршок, играта повторно ќе продолжи со спуштање на судиска топка.

**Надворешни влијанија**

- Го запира, одложува или прекинува натпреварот поради било какви прекршоци или поради надворешно влијание како на пример:
  - Рефлекторите се несоодветни
  - Предмет фрлен од гледач удри еден од службените лица (судиите), играч или официјално лице, судијата може да го продолжи натпреварот или да го запре, одложи или прекине натпреварот во зависнот од тежината на инцидентот
  - Гледач свири со свирка која влијае на играта – играта се прекинува и повторно започнува со спуштање на судиска топка
  - Дополнителна топка, друг предмет или животно влегува на теренот за игра за време на натпреварот, судијата мора:
    - Да ја запре играта (повторно започнува со спуштање на судиска топка) само ако тоа влијае на играта - освен ако топката оди кон голот и влијанието не го спречува одбранбениот играч да игра со топката, тогаш, голот се признава ако топката влезе во голот ( дури и ако има контакт со топката), освен ако влијанието било од екипата што напаѓа
    - Дозволува играта да продолжи ако нема влијание на играта и причината биде отсранета што е можно побргу

  - Не дозволува неофицијални лица да влезат во теренот за игра

## 4. Видео помошен судија (ВПС)/Video assistant referee (VAR)

Употребата на видео помошни судии (ВПС) / (VAR) е дозволена каде организаторот на натпреварот/натпреварувањето ги исполнил сите барања за помош и одобрување на програмата за спроведување (IAAP) како што е наведено во документите на IAAP на ФИФА и има добиено писмена дозвола од ФИФА.

На судијата може да му помага видео помошен судија ВПС/VAR само во случај на „јасна и очигледна грешка“ или „сериозно пропуштен инцидент“ во врска со:

- Гол / не е гол
- Казнен удар / не е казнен удар
- Директен црвен картон ( не за втора опомена – втор жолт картон)
- Погрешен идентитет, кога судијата опоменува или исклучува погрешен играч од екипата која го направила прекршокот

Помошта од видео помошен судија (ВПС)/(VAR) ќе се однесува на користење на видео повторување(а) на инцидентот. Судијата ќе ја донесе конечната

одлука која може да биде само врз основа на информациите од ВПС/VAR и/или судијата кој ги прегледува директно повторените снимки („преглед на снимка на терен“).
Освен за „сериозно пропуштен инцидент“ судијата (и каде други релевантни „на терен“ службени лица – судии) мора секогаш да донесат одлука, (вклучувајќи и одлука да не се казнува потенцијален прекршок). Оваа одлука не се менува освен ако не е „јасна и очигледна грешка“.

**Прегледувања по повторно започнување на играта**
Ако играта е запрена и повторно започната, судијата може да направи само „преглед“, и да превземе соодветна дисциплинска санкција, за погрешен идентитет или за потенцијален прекршок за исклучување во врска со насилничко однесување, плукање, гризење или крајно навредливи дејства.

**5. Опрема на судијата**

**Задолжителна опрема**
Судиите мора да ја имаат следната опрема:

- Свирка(и)
- Часовник(ци)
- Црвени и жолти картони
- Бележник (или дуг начин за водење евиденција од  натпреварот)

**Друга опрема**
На судиите може да им биде дозволено да користат:

- Опрема за комуникација со другите службени лица (судии) на натпреварот – звучни/бип знамиња, слушалки и др.
- ЕПСС/EPTS  или друга фитнес мониторинг опрема
- Систем за комуникација

На судиите и останатите службени лица (судии) „на терен“им се забранува носење на накит или која било друга електронска опрема, вклучително и камери.

## 6. Судиски знаци

**На сликите се прикажани одобрените судиски сигнали**



**Индиректен**
слободен удар



**Директен**
слободен удар



**Предност** (1)



**Предност** (2)



**Казнен удар**



**Црвен** и **жолт** картон



**Удар од агол** (корнер)



**Удар од гол**



**Проверка**



**“ТВ“ сигнал**

## 7. Одговорност на службените лица – судиите

Судијата или друго службено лице на натпреварот не е одговорно за:

- Било кој вид на повреда со која се здобил играч, службено лице или гледач
- Било каква штета на имотот од секаков вид
- Која било друга загуба претрпена од кој било поединец, клуб, компанија, здружение или друг орган која може да биде последица на било која одлука донесена според Правилата на фудбалската игра или во однос на вообичаените процедури потребни за одржување, играње и контрола на натпреварот.

Такви ситуации се следните одлуки:

- Дека состојбата на теренот за игра или неговата околина, или временските услови се такви, да се дозволи или не, да се одигра натпреварот
- Да го прекине натпреварот од која било причина
- За исправноста на опремата на теренот и топката со која се игра натпреварот
- Да ја прекине или да не ја прекине играта поради влијание на гледачите или било каков проблем во просторот за гледачи (на трибините)
- Да ја прекине или да не ја прекине играта за да се дозволи повредениот играч да биде изнесен надвор од теренот за игра за лекарска помош
- Да бара повредениот играч да биде изнесен надвор од теренот за игра за да му се укаже лекарска помош
- Да дозволи или да не дозволи играч да носи одредена облека или опрема
- Каде што судијата има овластување, да дозволи или да не дозволи НИКОЈ (вклучувајќи официјални лица на екипата или на стадионот, лица за обезбедување, фотографи или други претставници на медиумите) да бидат присутни во близина на теренот за игра
- Која било друга одлука донесена во согласност со Правилата на фудбалската игра или во склад со своите должности според условите на ФИФА, конфедерација, национална фудбалска федерација или правила и прописи на натпреварувањето според кои се игра натпреварот

# ПРАВИЛО 6 - ДРУГИ ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА (СУДИИ)

Други официјални судии (двајца помошни судии, четврти судија, двајца дополнителни помошни судии, резервен помошен судија, видео помошен судија ВПС/VAR, и најмалку еден асистент видео помошен судија АВПС/AVAR може да бидат одредени за натпреварите. Тие ќе му помагаат на судијата да го контролира натпреварот во согласност со Правилата на фудбалската игра, но конечната одлука секогаш ќе ја донесе судијата.

Судијата, помошните судии, четвртиот судија, дополнителните помошни судии и резервниот помошен судија се службени лица на натпреварот „на терен“.

ВПС/VAR и АВПС/AVAR се видео службени лица на натпреварот и му помагаат на судијата во согласност со Правилата на фудбалската игра и протоколот за ВПС/VAR .

Службените лица на натпреварот работат под надзор на судијата. Во случај на непримерно мешање или неправилно однесување, судијата ќе ги ослободи од нивните должности и за тоа поднесува извештај до соодветните органи.

Службените лица (судиите) на натпреварот „на терен“ му помагаат на судијата со прекршоците кога тие имаат појасен поглед од судијата и тие мора да поднесат извештај до соодветните органи за секое сериозно недолично однесување или друг инцидент што се случил надвор од видното поле на судијата и другите службени лица (судиите) на натпреварот. Тие мора да се советуваат со судијата и другите службени лица за било каков извештај кој се поднесува.

Службените лица (судиите) на натпреварот „на терен“ му помагаат на судијата во прегледот на теренот за игра, топките и опремата на играчите (вклучувајќи и ако проблемите се решени) и водење евиденција за времето, головите, недоличното однесување и др.

Правилата за натпреварување мора јасно да одредат кој го заменува судијата на натпреварот кој не може да го започне или продолжи и сите поврзани промени. Поточно, мора да биде јасно дали, ако судијата не може да го започне или продолжи натпреварот, ќе го замени четвртиот судија или постариот помошен судија или постариот дополнителен помошен судија.

## 1. Помошни судии

Тие сигнализираат кога:

- Целата топка го напушта теренот за игра, и која екипа треба да изведе удар од агол, удар од гол или уфрлување
- Играч во офсајд позиција треба да биде казнет
- Се бара замена
- При казнени удари, голманот се поместува од гол линијата пред да се удри топката и ако топката ја премине линијата; ако се назначени дополнителни помошни судии, помошниот судија завзема позиција во линија со точката за казнен удар

Помошта на помошниот судија вклучува и следење на постапката за замена.

Помошниот судија може да влезе во теренот за игра за да помогне во контролата на растојанието 9,15 m.

## 2. Четврти судија

Помошта на четвртиот судија исто така вклучува:

- Врши надзор над постапката за замена
- Проверка на опремата на играчот/замената
- Повторно влегување на играчот после сигнал одобрување од судијата
- Проверка на резервните топки
- Укажува на минималниот износ на дополнителното време кое судијата има намера да го надополни на крајот од секое полувреме (вклучувајќи ги и продолженијата)
- Да го информира судијата за неодговорно однесување на било кој присутен во техничкиот простор

**3. Дополнителни помошни судии**

Дополнителните помошни судии може да укажат:

- Кога целата топка ќе помине преку попречната линија и гол линијата, вклучително и кога е постигнат гол
- Која екипа треба да изведе удар од агол или удар од гол
- Дали голманот при казнени удари, предвреме се поместил од гол линијата пред топката да биде удрена и ако топката ја помине линијата

**4. Резервен помошен судија**

Резервниот помошен судија може да замени помошен судија, четврти судија или дополнителен помошен судија, кој не е во можност да продолжи. Инаку, може да помага на судијата на ист начин како и сите останати судии „на терен"

**5. Видео службени лица (судии) на натпреварот**

Видео помошен судија ВПС/VAR е службено лице (судија) на натпреварот кој може да му помогне на судијата да донесе одлука користејќи повторување на снимка само за „јасна и очигледна грешка" или „сериозен пропуштен инцидент" поврзан со гол/нема гол, казнен удар/ нема казнен удар; директен црвен картон (не за втора опомена) или во случај на погрешен идентитет кога судијата опоменува или исклучува погрешен играч од екипата која направила прекршок.

Асистент видео помошен судија (АВПС)/(AVAR) е службено лице (судија) на натпреварот кој му помага на ВПС/VAR првенствено во:

- Гледање телевизиски пренос додека ВПС/VAR е зафатен со „проверка" или „прегледување"
- Водење евиденција за инциденти поврзани со ВПС/VAR и каква било комуникација или технички проблеми
- Особено помогање во комуникацијата на ВПС/VAR со судијата, посебено комуникацијата со судијата кога ВПС/VAR прави „проверка"/„прегледување" на пр. да му каже на судијата „да ја запре играта" или „да го одложи повторното започнување" и др.
- Го запишува изгубеното време кога играта е одложена поради „проверка" или „прегледување"
- Доставување информации за одлука поврзана со ВПС/VAR до релевантните страни

## 6. Сигнали на помошниот судија

**На сликите се прикажани одобрените сигнали на помошните судии**




**Слободен удар** за
**екипата што напаѓа**




**Слободен удар** за
**екипата што се брани**



**Замена**



**Уфрлување** за
**екипата што напаѓа**



**Уфрлување** за
**екипата што се брани**



**Удар од агол**



**Удар од гол**




**Офсајд**




**Офсајд** на **поблиската**
страна на теренот




**Офсајд** на **средината**
на теренот




**Офсајд** на **подалечната**
страна на теренот

**7.** Сигнал на дополнителниот помошен судија



**Гол**
(освен кога топката
многу очигледно
ја поминала гол-линијата)

# Правило 7 - ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ

### 1. Периоди на игра

Натпреварот трае две еднакви полувремиња од по 45 минути, кои може да бидат намалени само доколку е договорено меѓу судијата и двете екипи пред почетокот на натпреварот, а е во согласност со правилата за натпреварување.

### 2. Пауза за полувреме

Играчите од двете екипи имаат право на одмор меѓу двете полувремиња, кој не смее да биде подолг од 15 минути;  кратка пауза за пиење (која не треба да биде подолга од една минута) е дозволена за време на одморот помеѓу двете продолженија. Правилата за натпреварување мора да го одредат времетраењето на одморот на полувремето и тој може да се менува само со дозвола на судијата.

### 3. Надоместување на изгубеното време

Надоместувањето на изгубеното време во секое полувреме го прави судијата, кој во предвид го зема изгубеното време при:

- Замени
- Проценка и/или отстранување на повредени играчи
- Губење (трошење-задржување) време
- Дисциплински санкции
- Медицински прекини дозволени со правилата за натпреварување, на пр. паузи за „пијалоци“ (кои не треба да надминуваат една минута) и прекини за „ладење“ (од 90 секунди до 3 минути)
- Одложувања поврзани со „проверки“ и „прегледувања“ на ВПС/VAR.
- Прославување при постигнување на гол
- Која било друга причина, вклучително и секое значително одложување на повторно започнување на натпреварот (на пр. поради попречување на играта од надворешно лице).

Четвртиот судија го покажува минималното дополнително време што го одредил судијата на крајот од последната минута од секое полувреме. Дополнителното време судијата може да го зголеми, но не и да го намали.

Судијата не смее да ја компензира грешката во мерењето на времето која се случила во текот на првото полувреме, со промена на должината на второто полувреме.

### 4. Казнен удар

Ако казнениот удар треба да се изведе или да се повтори, полувремето се продолжува додека казнениот удар не заврши.

### 5. Прекинат натпревар

Прекинатиот натпревар се преигрува, освен ако правилата на натпреварувањето или организаторите не одредат поинаку.

# ПРАВИЛО 8 - ПОЧЕТОК И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ИГРАТА

Со почетен удар започнуваат двете полувремиња од натпреварот, двете полувремиња од продолженијата и продолжување на играта после постигнат гол. Слободните удари (директни или индиректни), казнени удари, уфрлувањата, ударите од гол и ударите од агол се други продолжувања на играта (види Правила 13-17).
Спуштање на судиска топка е продолжување на играта кога судијата ќе ја прекине играта и Правилото не предвидува една од горе-наведените ситуации за продолжување на играта.

Ако се случи прекршок кога топката не е во игра, тоа не го менува начинот како ќе продолжи играта.

**1. Почетен удар**
**Процедура**

- Судијата фрла паричка и екипата што ќе победи во фрлањето одлучува на кој гол ќе напаѓа во првото полувреме или ќе го изведе почетниот удар
- Во зависност од горе наведеното, противничката екипа го изведува почетниот удар или одлучува на кој гол ќе напаѓа во првото полувреме
- Екипата која одлучила на кој гол ќе напаѓа во првото полувреме го изведува почетниот удар за почеток на второто полувреме
- За второто полувреме, екипите ги менуваат страните и напаѓаат на спротивните голови
- Откако екипата ќе постигне гол, почетниот удар го изведува противничката екипа

При секој почетен удар:

- Сите играчи, освен играчот кој го изведува почетниот удар, мора да бидат на својата половина од теренот за игра

Противничките играчи на екипата што го изведува почетниот удар мора да бидат најмалку 9,15 m од топката додека таа не е во игра

- Топката мора да мирува на центарот на средишната линија
- Судијата дава знак
- Топката е во игра кога е удрена (шутната) и јасно се придвижува
- Гол директно од почетен удар може да биде постигнат против противникот. Ако топката влезе директно во голот на изведувачот се досудува удар од агол за противникот

**Прекршоци и санкции**

Ако играчот кој го изведува почетниот удар повторно ја допре топката пред таа да биде допрена од друг играч, се досудува индиректен слободен удар, а за прекршок за игра со рака, се досудува директен слободен удар.

Во случај на било кој друг прекршок во процедурата за почетен удар, почетниот удар се повторува.

## 2. Спуштање на судиска топка

**Процедура**

- Судиска топка за голман на одбранбената екипа се спушта во нивниот казнен простор, ако играта е прекината и:
  - Топката била во казнениот простор или
  - Последниот допир со топката бил во казнениот простор
- Во сите други случаи, судијата спушта судиска топка за еден играч од екипата која последна ја допрела топката на местото каде што последен пат ја допрел играч, надворешно лице или, како што е наведено во Правилото 9.1 службено лице (судија) на натпреварот
- Сите други играчи (од двете екипи) мора да останат на растојание најмалку 4 m од топката додека таа не е во игра

Топката е во игра кога ќе ја допре земјата.

**Прекршоци и санкции**

Спуштањето на судиска топка се повторува ако:

- Го допре играчот пред да ја допре земјата
- Го напушта теренот за игра откако ќе ја допре земјата, без да допре играч

Ако по спуштањето на судиска топка, топката влезе во гол без да биде допрена од најмалку двајца играчи, играта ќе продолжи со:

- Удар од гол ако влезе во противничкиот гол
- Удар од агол ако влезе во сопствениот гол

# ПРАВИЛО 9 – ТОПКА ВО ИГРА И НАДВОР ОД ИГРА

## 1. Топка надвор од игра

Топката е надвор од игра кога:

- Топката целосно ги поминала попречните линии или надолжните линии по земја или во воздух
- Играта е  запрена од судијата
- Допира службено лице (судија) на натпреварот и останува во теренот за игра и:
  - Екипата започнува ветувачка акција или
  - Топката оди директно во голот или
  - Се менува екипата што ја поседува топката

Во сите овие случаи, играта повторно ќе продолжи со спуштање на судиска топка.

## 2. Топка во игра

За сето останато време од играта, велиме дека топката е во игра, и кога токата ќе допре службено лице (судија) на натпреварот, и кога топката ќе се одбие од стативата, гредата или корнер знаменцето и топката останува во теренот за игра.

# ПРАВИЛО 10 - ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОБЕДНИК НА НАТПРЕВАРОТ

### 1. Постигнување гол

Гол се постигнува кога целата топка ќе помине преку гол-линијата, помеѓу двете стативи и под гредата, под услов да не е направен прекршок од екипата која го постигнала голот.

Ако голманот ја фрли топката директно во противничкиот гол, ќе се досуди удар од гол.

Ако судијата сигнализира гол со свирка пред топката да помине преку гол линијата, играта ќе продолжи со спуштање на судиска топка.

### 2. Победничка екипа

Екипата која ќе постигне поголем број на голови е победник. Ако двете екипи не постигнат голови или постигнат еднаков број на голови, натпреварот е нерешен.
Кога правилата на натпреварување бараат победничка екипа после нерешен натпревар или нерешено дома и во гости, единствени дозволени процедури за одредување на победничка екипа се:

- Правилото за голови во гости **(повеќе не важи за УЕФА)**.
- Два еднакви периоди на дополнително време (продолженија) не подолги од 15 минути секое
- Пенали за добивање на победник

Може да се користи комбинација од горенаведените процедури.

### 3. Пенали за добивање на победник

Пеналите за добивање на победник се изведуваат по завршувањето на натпреварот, или продолженијата или ако поинаку соодветните Правила на фудбалската игра го дозволуваат тоа. Играч кој бил исклучен за време на натпреварот не е дозволено да учествува во изведувањето на пеналите за добивање на победник. Усните предупредувања и опомените дадени на играчи и официјални лица за време на натпреварот не се пренесуваат во пеналите за добивање на победник.


Гол
НЕ е гол
НЕ е гол
Гол
Гол
линија
Гол
линија

## Процедура

### Пред да започне изведувањето на пенали за добивање на победник

- Освен ако не постојат други фактори кои би влијаеле на изведувањето на пеналите (на пр. условите на подлогата -земјата, безбедност и др.) судијата фрла паричка за да одлучи на кој гол ќе се изведуваат пеналите, кое може да се смени само од безбедносни причини или ако голот или површината за играње стане непогодна за игра
- Судијата повторно фрла паричка, а екипата што ќе победи во фрлањето, одлучува дали да го изведе првиот или вториот пенал
- Со исклучок на замена за голман кој не е во состојба да продолжи, само играчи кои се на теренот за игра или се привремено надвор од теренот за игра (повреда, прилагодување на опремата и др.) на крајот од натпреварот имаат право да учествуваат во изведувањето на пенали
- Секоја екипа е одговорна да го одреди редоследот од активните играчи за изведување на пеналите. Судијата не е потребно да го знае точниот редослед на играчите
- Ако на крајот на натпреварот, пред или за време на пеналите една екипа има поголем број на играчи од својот противник, ќе мора да го намали својот број на ист број како и противникот и судијата мора да биде информиран за името и бројот на секој „отстранет“ (заради изедначување на број на играчи) играч. Било кој „отстранет“ (заради изедначување на број на играчи) играч, не смее да земе учество во изведување на пеналите (освен како што е наведено подолу)
- Голман кој не може да продолжи да игра пред или за време на пеналите, може да биде заменет со играч „отстранет“ (заради изедначување на број на играчи) за да се изедначи бројот на играчи или, доколку неговата екипа не го искористила својот максимален број на замени од запишаните резерви, но заменетиот голман повеќе не учествува и не може да изведе пенал за добивање на победник
- Ако голманот веќе извел пенал, замената на голманот не смее да изведе удар до следниот круг на пенали за добивање на победник

### За време на изведувањето на пенали за добивање на победник

- Само активните играчи кои ги исполнуваат условите и службените лица (судиите) можат да останат на теренот за игра
- Освен играчот кој го изведува пеналот и двајцата голмани, сите други активни играчи мора да останат внатре во средишниот круг
- Голманот од екипата која изведува пенал, мора да остане на теренот за игра, надвор од казнениот простор, на попречната линија каде се составува со граничната линија на казнениот простор
- Играч кој ги исполнува условите може да го замени местото со голманот

- Пеналот е завршен кога топката ќе престане да се движи, излезе надвор од граничните линии на теренот или судијата ја прекине играта за било каков прекршок. Изведувачот не може да игра со топката по втор пат
- Судијата води евиденција за пеналите
- Ако голманот направи прекршок и како резултат на тоа, пеналот повторно се изведува, голманот се предупредува за првиот прекршок и ќе биде опоменат за секој нареден прекршок/ци
- Доколку изведувачот е казнет за прекршок направен откако судијата дал знак дека треба да се изведе пеналот, тој пенал се запишува како промашен и изведувачот се опоменува
- Ако и голманот и изведувачот направат прекршок во исто време, пеналот се запишува како промашен и изведувачот се опоменува

### Двете екипи изведуваат по пет пенали, под следните услови:

- Пеналите се изведуваат наизменично од екипите
- Секој пенал го изведува различен играч и сите играчи кои ги исполнуваат условите мора да изведат пенал пред некој играч да може да изведе втор пенал
- Ако пред двете екипи да изведат по пет пенали, едната екипа постигнала повеќе голови отколку што другата екипа би можела да постигне, дури и да ги заврши своите пет пенали, пеналите повеќе нема да се изведуваат
- Ако, откако двете екипи изведеле по пет пенали, и резултатот е израмнет, пеналите продолжуваат додека едната екипа не постигне гол повеќе од другата екипа од ист број на изведени пенали
- Горенаведениот принцип продолжува за секоја следна низа на пенали, но екипата може да го промени редоследот на играчите кои ги изведуваат пеналите
- Пеналите не смеат да бидат одложени за играч кој ќе го напушти теренот за игра. Пеналот на играчот ќе биде поништен (се запишува како промашен пенал - не е постигнат гол), ако играчот не се врати навреме за да го изведе пеналот

### Замени и исклучувања при изведување на пенали

- Играч, резервен играч, заменет играч или официјално лице на екипата може да биде опоменат или исклучен
- Голманот кој е исклучен мора да биде заменет со играч кој ги исполнува условите
- Друг играч освен голманот кој не може да продолжи не смее да биде заменет
- Судијата не смее да го прекине натпреварот ако бројот на играчи кај екипата е намален на помалку од седум играчи

# ПРАВИЛО 11 - ОФСАЈД

## 1. Офсајд позиција

Не е прекршок да се биде во офсајд позиција.

Играчот е во офсајд позиција ако:

- Кој било дел од главата, телото или стапалата е на половината на противникот (со исклучок средишната линија) и
- Кој било дел од главата, телото или стапалата е поблиску до попречната гол-линија на противникот од топката и претпоследниот противнички играч.

Дланките и рацете на сите играчи, вклучувајќи ги и голманите не се земаат во предвид. За одредување на офсајд, во предвид се зема горната граница на раката да е во линија со дното на пазувите.

Играч не е во офсајд позиција ако е во линија со:

- Претпоследниот противнички играч
- Последните два противнички играчи

## 2. Офсајд прекршок

Играч кој се наоѓа во офсајд позиција, и во моментот кога топката е проиграна, односно допрена* од страна на соиграчот, се казнува со офсајд прекршок само ако се вклучи во активна игра, и тоа:

- Влијае на играта со играње или допирање на топката додадена или допрена од соиграч или
- Влијае на противникот со:
  - Спречување на противникот да игра или можност да игра со топката, со јасно попречување на видното поле на противникот
  - Предизвикување на противникот во борба за топка
  - Јасно се обидува да игра со топка која е блиску до играчите и кога овој потег влијае на противникот
  - Прави очигледен потег кој јасно влијае на можноста на противникот да игра со топката

** Треба да се користи првиот момент од контактот „играње“ или „допир“ на топката.*

или

- Се стекнува со предност играјќи со топката или влијае на противникот кога има:
  - Одбивање на топката од стативата, гредата, службеното лице (судијата) на натпреварот или противникот
  - Била намерно одбранета од кој било противнички играч

Играч во офсајд позиција која ја прима топката од противник кој намерно играл* со топката, вклучително и со намерно играње со рака, не е се смета дека стекнал предност, освен ако тоа не било намерно бранење од некој противник.
*„Намерно играње" (со исклучок на намерна игра со рака) е кога играчот има контрола над топката со можност за:
- додавање на топката кон соиграч;
- стекнување на посед на топката; или
- расчистување на топката (на пр. со шут со нога или со глава)

Ако додавањето, обидот да стекне посед или расчистувањето од играчот кој има контрола на топката се неточни или неуспешни, тоа не го негира фактот дека играчот „намерно играл" со топката. Соодветно треба да се користат следниве критериуми, како индикатори дека играчот ја контролирал топката и, како резултат на тоа, може да се смета дека „намерно играл со топката:
- Топката патувала од далечина и играчот имал јасен поглед на неа
- Топката не се движела брзо
- Насоката на топката не била неочекувана
- Играчот имал време да го координира движењето на телото, т.е. тоа не било случај на инстинктивно ширење или скокање, или движење со кое се постигнал ограничен контакт/контрола
- Топката што се движи по земја е полесна за играње отколку топка во воздух

„Бранење" е кога играчот запира или се обидува да ја запре топката која влегува во голот или е блиску до голот со кој било дел од телото, освен дланките/рацете (освен кога голманот брани со раце во својот казнен простор).

Во ситуации кога:

- Играч кој се наоѓа во офсајд позиција и притоа се движи, или стои во офсајд позиција, се наоѓа на патот на противникот и го попречува движењето на противникот кон топката, прави офсајд прекршок доколку влијае на можноста на противникот да игра или да се бори за топката. Ако играчот влегува во движењето на противникот и го попречува напредувањето на противникот (пр. го блокира противникот), прекршокот треба да се казни според Правилото 12.
- Играч во офсајд позиција се движи кон топката со намера да игра со топката и е фаулиран пред да игра или се обиде да игра со топката, или пред да предизвика противник во борба за топка, тогаш се казнува играчот кој фаулира, а не играчот кој е во офсајд позиција, бидејќи прво е направен прекршокот пред офсајдот.
- Кога прекршокот е направен против играч кој се наоѓа во офсајд позиција и кој веќе играл или се обидува да игра со топката, или предизвикува противник во борба за топка, се досудува офсајд, бидејќи прво е направен офсајд прекршокот, а потоа другиот прекршок.

## 3. Нема прекршок (за офсајд)

Нема офсајд прекршок ако играч ја прими топката директно од:

- Удар од гол
- Уфрлување
- Удар од агол

## 4. Прекршоци и санкциии

Ако се случи прекршок за офсајд, судијата досудува индиректен слободен удар каде што се случил прекршокот, вклучувајќи и ако тоа е во сопствената половина од теренот за игра.

Одбранбен играч кој го напушта теренот за игра без дозвола од судијата ќе се смета дека се наоѓа на попречната, односно надолжната линија во офсајд позиција, до првиот прекин на играта или додека одбранбената екипа не ја исфрли топката во правец кон средишната линија и таа (топката) е надвор од казнениот простор. Ако играчот намерно го напуштил теренот за игра, играчот мора да биде опоменат во првиот прекин на играта.

Играч од нападот може да излезе или да остане надвор од теренот за игра и да не биде вклучен активно во играта. Ако играчот повторно влезе од попречната гол-линија и се вклучи во играта пред прв следен прекин на играта или одбранбената екипа не ја исфрли топката во правец кон средишната линија и ако топката е надвор од казнениот простор на одбраната, играчот ќе се смета дека е поставен на попречната гол-линија и се наоѓа во офсајд позиција. Доколку играч кој намерно го напушта теренот за игра и повторно влезе во терен без дозвола на судијата и во тој момент не се наоѓа во офсајд, но се здобива со предност, судијата мора да ја прекине играта поради офсајд и играчот да биде опоменат.

Ако играч од нападот остане неподвижен помеѓу стативите и внатре во голот кога топката влегува во голот, мора да се досуди гол, освен ако играчот направи прекршок за офсајд (пр. влијае на голман или играч кој е на гол-линијата) или направи прекршок од Правилото 12 (пр. подвикнува итн.). Во тие случаи играта се прекинува и се продолжува со индиректен, односно директен слободен удар, во зависност од направениот прекршок.

# ПРАВИЛО 12 - ПРЕКРШОЦИ И НЕСПОРТСКО ОДНЕСУВАЊЕ

Директни и индиректни слободни удари и казнени удари може да се досудат само за прекршоци направени кога топката е во игра.

**1. Директен слободен удар**

Директен слободен удар се досудува доколку играчот направи било кој од следниве прекршоци против противник на начин кој судијата го смета како невнимателен, непромислен или има употреба на прекумерна сила:

- Стартува (влијае) на противнички играч
- Скока врз противнички играч
- Удри со нога  или се обиде да удри противнички играч
- Турка противнички играч
- Удри  или се обидува да удри противнички играч (вклучувајќи и удари со глава)
- Стартува или предизвикува противнички играч
- Сопнува или се обидува да сопне противнички играч

Ако прекршокот вклучува контакт, тој се казнува со директен слободен удар.

- Невнимателно е кога играчот покажува недостаток на внимание или обзир кога прави предизвик или дејствува без претпазливост. Не е потребна дисциплинска мерка
- Непромислено е кога играчот дејствува со занемарување на опасноста или последиците за противникот и мора да биде опоменат
- Употреба на прекумерна сила е кога играчот ја надминува  потребната употреба на сила и/или ја загрозува безбедноста на противникот и мора да биде исклучен

Директен слободен удар се досудува доколку играчот направи било кој од следниве прекршоци:

- Прекршок за игра со рака (освен за голманот кој смее да игра со раце внатре во својот казнен простор)
- Држи противнички играч
- Го попречува противничкиот играч со контакт

- Гризе или плука некој од официјалните лица заведени во записникот од натпреварот или службено лице (судија) на натпреварот
- Фрла предмет кон топката, кон противник или службено лице (судија) на натпреварот или прави контакт со топката со предмет кој го држи (продолжена рака).

Види исто така прекршоци во Правило 3.

**Играње на топката со рака**
За утврдување на прекршоците за играње со рака, горната граница на раката е во линија со дното на пазувите. Прекршок НЕ Е секој допир на дланката/раката од играчот со топката.

Прекршок е ако играчот:

- Намерно ја допира топката со неговата дланка/рака, на пример ја движи дланката/раката кон топката
- Ја допира топката со неговата дланка/рака неприродно зголемувајќи го волуменот на телото. Се смета дека играчот неприродно го зголемил волуменот на своето тело и го направил поголемо кога положбата на неговата дланка/рака не е последица од, или оправдана со движењето на телото на играчот за таа специфична ситуација. Играчот го превзема сиот ризик поставувајќи ја дланката/раката во таква позиција, играчот ризикува неговата дланка/рака да биде погодена од топката и да биде казнет
- Постигне гол во противничкиот гол:
  - кога топката директно се удри од неговата дланка/рака дури и случајно, вклучително и од голманот и влезе во противнички гол
  - кога веднаш откако топката ќе ја допре неговата дланка/рака, дури и ако е случајно, влезе во противнички гол

Голманот ги има истите ограничувања за играње со рака со топката како и секој друг играч надвор од казнениот простор. Ако голманот игра со рака со топката во својот казнен простор кога тоа не му е дозволено, се досудува индиректен слободен удар, но нема дисциплинска мерка. Меѓутоа, ако прекршокот е игра со топката по втор пат (со или без дланка/рака) по повторно започнување на играта пред да допре друг играч, голманот мора да биде санкциониран ако со прекршокот запре ветувачка акција или го спречува противникот или противничката екипа во постигнување на гол или очигледна шанса за гол.


Нема игра со рака
Игра со рака
Нема игра со рака
Игра со рака
Игра со рака

## 2. Индиректен слободен удар

Индиректен слободен удар се досудува ако играч:

- Игра на опасен начин
- Го попречува движењето на противникот без никаков контакт
- Виновен е за несогласување, користи агресивност, навредува, користење навредлив јазик и/или дејство (а) или други вербални прекршоци
- Го спречува голманот да ја исфрли топката од рацете или ја удри или се обиде да ја удри топката кога голманот е во процес на исфрлање
- Иницира намерен трик за додавање на топката (вклучително и од слободен удар или удар од гол) до голманот со глава, гради, колено и др., за да се изигра Правилото, без разлика дали голманот ја допира топката со раце или не. Голманот е казнет ако е одговорен за иницирање на намерниот трик
- Прави кој било друг прекршок, кој не е спомнат во Правилата, за кој играта е прекината поради опомена или исклучување на играчот

Индиректен слободен удар се досудува ако голманот, во својот казнен простор направи некој од следните прекршоци:

- Ја контролира топката со дланка/рака повеќе од 6 (шест) секунди пред да ја исфрли
- Ја допира топката со дланка/рака, откако ќе ја исфрли и пред да допрела друг играч
- Ја допира топката со дланка/рака, освен ако голманот јасно ја удрил или се обидел да ја удри топката за да ја исфрли (внесе) во игра, откако:
  - Намерно е удрена кон голманот од негов соиграч
  - Ја прима директно од уфрлување кое го извел негов соиграч

Се смета дека голманот ја контролира топката со рака/раце кога:

- Топката е меѓу двете раце или меѓу рака и било кој дел од телото, или меѓу раката и теренот за игра или со држење на топката со кој било дел од дланките или рацете, освен ако топката се одбила од голманот или голманот ја одбранил
- Ја држи топката со испружена отворена дланка
- Ја удира од земја или ја фрла во воздух

Голманот не може да биде предизвикан (нападнат) од противникот кога има контрола на топката со рака/раце.

**Играње на опасен начин**
Играњето на опасен начин е секој потег кој што, додека се обидувате да играте со топката, претставува закана од повреда на некого (вклучувајќи го и самиот играч) и вклучува спречување на противникот кој е во близина да игра со топката поради страв од повреда.

Удар со „ножички" е дозволен под услов да не е опасен за противникот.

**Попречување на движење на противник без контакт**
Попречување на движење на противникот значи попречување во линијата на движење на противникот кога попречува, блокира, успорува или принудува да ја промени линијата на движење кога топката не е на растојание за играње од кој било играч.

Сите играчи имаат право на својата позиција на теренот за игра. Да се биде во линијата на движење на противникот не е исто како и кога намерно ќе се придвижите во линијата на движење на противникот.

Играчот може да ја заштити (гради) топката со завземање на позиција меѓу противникот и топката, ако топката е на растојание за играње, а противникот не е задржан со рацете или телото. Ако топката е на растојание за играње, играчот може да биде коректно нападнат од противникот.

**3. Дисциплински мерки**
Судијата има овластување да преземе дисциплински мерки од влегувањето на теренот за игра за проверка пред натпреварот, па се до напуштање на теренот за игра откако натпреварот е завршен (вклучувајќи ги и пеналите за добивање на победник).

Ако пред да влезе на теренот за игра на почеток на натпреварот, играч или официјално лице на екипата направи прекршок за исклучување, судијата има овластување да му забрани на играчот или официјалното лице на екипата да земе учество во натпреварот (види Правило 3.6). Судијата ќе го пријави секое друго неспортско однесување.

Играч, или официјално лице на екипата кој ќе направи прекршок за опомена, или исклучување, а прекршокот биде направен на теренот или надвор од теренот за игра, ќе се казни во согласност со прекршокот.

Жолт картон означува опомена, а црвен картон означува исклучување.

Само играч, резервен играч, заменет играч или официјално лице на екипата, може да добие жолт или црвен картон.

## Играчи, резервни играчи и заменети играчи

**Одложување на повторен почеток на играта за да се покаже картон**
Штом судијата одлучи да опомене или исклучи играч, играта не смее повторно да започне додека не се изрече санкцијата, освен ако екипата што не го направила прекршокот изведе брз слободен удар, се најде во очигледна гол шанса и судијата не ја започнал постапката за доделување дисиплинска мерка (вадење картон и нотес да се запише). Дисциплинската мерка ќе се изрече во прв нареден прекин; ако прекршокот бил спречување на противничката екипа во очигледна гол шанса, играчот ќе се опомене; ако прекршокот попречил или запрел ветувачка акција, играчот нема да се опомене.

**Предност**
Ако судијата дозволи предност за прекршок за кој би била доделена опомена/исклучување ако играта била прекината, оваа опомена/исклучување мора да се додели во прв нареден прекин на играта. Меѓутоа, ако прекршокот спречил очигледна шанса за гол за противничката екипа, играчот ќе биде опоменат за неспортско однесување; ако прекршокот попречил или запрел ветувачка акција, играчот нема да се опомене.

Предност не треба да се применува во ситуации кои вклучуваат сериозни прекршоци, насилничко однесување или прекршок за втор жолт картон, освен ако постои очигледна шанса за гол. Судијата мора да го исклучи играчот во прв нареден прекин на играта, но ако играчот  игра со топката или предизвикува/попречува противник, судијата ќе ја запре играта, ќе го исклучи играчот и играта ќе продолжи со индиректен слободен удар, освен ако играчот не направил посериозен прекршок кој сам по себе би бил казнив со директен удар.

Ако одбранбениот играч почне да држи (влече) напаѓач надвор од казнениот простор и продолжи да го држи (влече) внатре во казнениот простор, судијата мора да досуди казнен удар.

**Прекршоци за опомена (жолт картон)**
Играч ќе биде опоменат ако направи некој од следниве прекршоци:

- Оддолжува продолжување на играта
- Несогласување (гестикулирање) со збор или дело (раце - тело)
- Влегување, повторно влегување или намерно напуштање на теренот за игра без дозвола на судијата
- Непочитување на пропишаното растојание кога играта повторно започнува со спуштање на судиска топка, удар од агол, слободен удар или уфрлување
- Постојани (чести тактички прекршоци од ист играч) прекршоци (не постои конкретен број или пример на прекршоци кои претставуваат „постојани“)
- Неспортско однесување
- Влегува во просторот за преглед на снимка ППС/RRA
- Прекумерно покажување на сигналот за „прегледување“ (ТВ сигнал)

Резервен играч или заменет играч ќе биде опоменат ако е виновен за:

- Оддолжување на продолжението на играта
- Несогласување (гестикулирање) со збор или дело (раце - тело)
- Влегување, повторно влегување или намерно напуштање на теренот за игра без дозвола на судијата
- Неспортско однесување
- Влегување во просторот за преглед на снимка ППС/RRA
- Прекумерно користење на сигналот за „прегледување“ (ТВ екран)

Онаму каде што се направени два одделни прекршоци кои може да бидат санкционирани со опомена (иако двата прекршоци временски се многу блиску), тие треба да резултираат со две опомени (два жолти картони), на пример ако некој играч влезе во теренот за игра без дозвола на судијата и направи непромислен старт или запира ветувачка акција со прекршок/игра со рака и др.

**Опомени за неспортско однесување**
Постојат различни околности кога играчот мора да биде опоменат за неспортско однесување, вклучувајќи ако играчот:

- Се обидува да го измами судијата, на пр. со глумење повреда или преправање дека е фаулиран (симулација)
- Ги менува местата со голманот за време на играта без дозвола на судијата (Види Правило 3).

- На непромислен (преостар) начин прави прекршок за директен слободен удар
- Игра со рака со топката за да попречи или да запре ветувачка акција
- Прави кој било друг прекршок за да попречи или запре ветувачка акција, освен кога судијата досудува казнен удар за прекршок кој бил обид да се игра со топката или во борба за топка
- Го спречува противникот во очигледна шанса за гол со правење на прекршок кој бил обид да се игра со топката или во борба за топката и судијата досудил казнен удар
- Игра со рака со топката во обид да постигне гол (без разлика дали обидот е успешен или не) или во неуспешен обид да спречи гол
- Прави (црта-копа) неовластени ознаки на теренот за игра
- Игра со топката додека го напушта теренот за игра, откако претходно добил дозвола од судијата да го напушти теренот за игра
- Покажува недостаток на почит кон играта
- Иницира намерен трик за додавање на топката (вклучително и од слободен удар или удар од гол) до голманот со глава, гради, колено и др. за да се изигра Правилото, без разлика дали голманот ја допира топката со раце или не. Голманот ќе се опомене ако е одговорен за иницирање на намерниот трик
- Вербално го одвлекува вниманието на противникот за време на играта или при продолжување на играта.

**Прославување на гол**

Играчите може да прославуваат кога ќе се постигне гол, но прославувањето не смее да биде претерано.  Прославувањето со кореографија не се поддржува и играчите не треба да предизвикаат прекумерно губење на време.

Напуштањето на теренот за игра за да се прослави гол не е прекршок за опомена, но играчите треба да се вратат што е можно поскоро во теренот.

Играчот мора да биде опоменат, дури и ако голот е поништен, за:

- Качување на ограда и/или приближување до гледачите на начин кој предизвикува безбедносни и/или сигурносни проблеми.
- Дејствува  на провокативен начин, со потсмев или го провоцира противникот
- Покривање на главата или лицето со маска или друг сличен предмет
- Слекување на дресот или покривање на главата со дресот

**Одложување (одолговлекување) на продолжението на играта**
Судиите мора да ги опоменат играчите кои го одолговлекуваат продолжението на играта на некој од следниве начини:

- Почнува да изведува уфрлување, но ненадејно (одеднаш) му остава на соиграчот да го изведе
- Одолговлекување на напуштањето на теренот за игра кога треба да биде заменет
- Прекумерно одолговлекување на продолжението на играта
- Шутирање или носење на топката, или предизвикување конфронтација со намерно допирање на топката откако судијата ја запрел играта
- Изведува слободен удар од погрешно место за да изнуди повторување на изведувањето

**Прекршоци за исклучување (црвен картон)**
Играч, резервен играч или заменет играч кој ќе направи кој било од следните прекршоци ќе биде исклучен:

- Спречува противничката екипа да постигне гол или очигледна шанса за гол со прекршок за игра со рака (освен голманот во неговиот казнен простор)
- Спречува гол или очигледна шанса за гол на противникот чие движење е кон голот на прекршителот со прекршок кој се казнува со слободен удар (освен ако не е наведено подолу)
- Сериозен прекршок
- Гризање или плукање некого
- Насилничко однесување
- Користи агресивност, навредува или користи навредливи зборови и/или дејства
- Добива втора опомена (жолт картон) на истиот натпревар
- Влегува во просторијата за ВАР-судии (ПВС)/Video operation room (VOR)

Играч, резервен играч или заменет играч кој е исклучен, мора да го напушти теренот за игра и техничкиот простор (мора да замине во подтрибински простор-соблекувални или на трибина).

**Спречување гол или очигледна гол шанса / (DOGSO)**
Кога играчот ќе направи прекршок против противник внатре во неговиот сопствен казнен простор со што го спречува противникот во очигледна шанса за гол и судијата досуди казнен удар, прекршителот ќе се опомене ако прекршокот бил обид да се игра со топката или во борба за топката; во сите други околности (на пр. држење, влечење, туркање, нема можност за играње со топка и др.) играчот кој го направил прекршокот мора да биде исклучен.

Кога играчот ја спречува противничката екипа да постигне гол или спречува очигледна шанса за гол со прекршок за игра со рака, играчот ќе се исклучи каде и да се случил прекршокот (освен голманот во неговиот казнен простор).

Играч, исклучен играч, резервен играч или заменет играч кој влегува во теренот за игра без дозвола од судијата и се вмешува во играта или противникот и ја спречува противничката екипа да постигне гол или спречува очигледна шанса за гол, виновен е за прекршок за исклучување.

Мора да се земе во предвид следното:
- Растојанието меѓу прекршокот и голот
- Насоката (правецот) на играта
- Веројатноста од задржување или стекнување на контрола на топката
- Местото (локацијата) и бројот на одбранбени играчи

**Сериозен прекршок (груба игра)**
Прекршок или потег што ја загрозува безбедноста на противникот или користи прекумерна сила или бруталност мора да се санкционира како сериозен прекршок (груба игра).
Секој играч кој се фрла (клиза) на противник во борба за топка од напред, од страна или одзади, користејќи една или двете нозе, со прекумерна сила или ја загрозува безбедноста на противникот е виновен за сериозен прекршок.

**Насилничко однесување**
Насилничко однесување е кога играчот употребува или се обидува да употреби прекумерна сила (груба игра) или бруталност против противникот кога не е во борба за топката, или против соиграч, официјално лице на екипата, службени лица (судии) на натпреварот, гледач или кое било друго лице, без разлика дали дошло до контакт.

Покрај тоа, играч кој не е во борба за топката, ако намерно удри противник или кое било друго лице во пределот на главата или лицето со дланка или рака, е виновен за насилничко однесување освен ако силата која е употребил е занемарлива.

## Официјални лица на екипата
Кога е направен прекршок од некој во техничката област (резервен играч, заменет играч, исклучен играч или официјално лице) и сторителот не може да се идентификува, главниот тренер (тренерот на сениорската екипа) кој е присутен во техничкиот простор ќе ја добие санкцијата.

**Предупредување**
Следниве прекршоци обично треба да резултираат со предупредување; повторени или блатантни прекршоци треба да резултираат со опомена или исклучување:

- Влегување во теренот за игра на респектабилен/неконфронтирачки начин
- Несоработка со службеното лице (судија) на натпреварот, на пр. игнорирање на инструкција/барање или објаснување од помошен судија или четврти судија
- Незначително/мало несогласување (со збор или дело-гестикулација) за одлуката
- Повремено напуштање на границите на техничкиот простор без правење на друг прекршок

**Опомена**
Прекршоците за опомена вклучуваат (но не се ограничени):

- Јасно/постојано непочитување на границите на техничкиот простор на својата екипа
- Одолговлекување на продолжението на играта од неговата екипа
- Намерно влегување во техничкиот простор на противничката екипа (неконфронтирачки)
- Несогласување со збор или дело, вклучувајќи:
  - Фрлање/удирање шишиња со пијалоци или други предмети
  - Дејство/ија кое покажува/ат јасен недостаток на почит кон службеното/ите лице/а (судија/судиите) на натпреварот на пр. саркастично ракоплескање
- Влегување во простор за преглед на снимка ППС/RRA
- Прекумерно/упорно гестикулирање за црвен или жолт картон
- Прекумерно покажување на сигналот за „прегледување“ (ТВ сигнал) за ВАР/VAR „прегледување“
- Делување на провокативен и потпалувачки начин
- Постојано неприфатливо однесување (вклучувајќи повторени прекршоци за предупредување)
- Покажување недостаток на почит кон играта

**Исклучување**
Прекршоците за исклучување вклучуваат (но не се ограничени):

- Одолговлекување на повторен почеток на играта од страна на противничката екипа на пр. ја држи топката, ја удира топката настрана, попречување на движењето на играчот
- Намерно напуштање на техничкиот простор:
  - Покажува несогласување кон, или протестира кон службеното лице (судијата) на натпреварот
  - Дејствува на провокативен или потпалувачки начин
- Влегува во противничкиот технички простор на агресивен и конфронтирачки начин
- Намерно фрла/шутира предмет во теренот за игра
- Влегува во теренот за игра за да:
  - Се конфронтира со службеното лице (судијата) на натпреварот (вклучувајќи го и полувремето и на крајот)
  - Пречи на играта, противнички играч или службеното лице (судијата) на натпреварот
- Просторија за ВАР-судии (ПВС)/Video operation room (VOR)
- Физичко или агресивно однесување (вклучувајќи плукање или гризање) кон противнички играч, резервен играч, официјално лице на екипата, службени лица (судиите) на натпреварот, гледач или кое било друго лице (на пр. момче/девојче за собирање на топките; лице од обезбедување или официјално лице на натпреварувањето)
- Добива втора опомена (жолт картон) на истиот натпревар
- Користи агресивност, навредува или користи навредливи зборови и/или дејство(а) -гестикулации
- Користење на неовластена електронска или комуникациска опрема и/или однесување на несоодветен начин како резултат на користењето електронска или комуникациска опрема
- Насилничко однесување

**Прекршоци каде е фрлен предмет (или топка)**
Во сите случаи, судијата превзема соодветни дисциплински мерки:

- Непромислено – опомена на прекршителот за неспортско однесување
- Употреба на прекумерна сила – исклучување на прекршителот за насилничко однесување

## 4. Продолжение на играта после прекршоци и недолично однесување

- Ако топката е надвор од игра, играта повторно ќе продолжи во согласност со претходната одлука
- Ако топката е во игра и играчот направи физички прекршок внатре во теренот за игра против:
  - Противник – индиректен или директен слободен удар или казнен удар
  - Соиграч, резервен, заменет или исклучен играч, официјално лице на екипата или службени лица (судии) на натпреварот – директен слободен удар или казнен удар

Сите вербални прекршоци се казнуваат со индиректен слободен удар.

Ако судијата ја запре играта за прекршок направен од играч, внатре или надвор од теренот за игра, против надворешно лице, играта повторно ќе продолжи со спуштање на судиска топка, освен ако не е досуден индиректен слободен удар за напуштање на теренот за игра без дозвола од судијата. Индиректниот слободен удар се изведува од точката на граничната линија каде играчот го напуштил теренот за игра.

Ако, додека топката е во игра:

- Играчот направи прекршок против службено лице (судија) на натпреварот или противнички играч, резервен, заменет или исклучен играч или официјално лице на екипата надвор од теренот за игра *или*
- Резервен, заменет или исклучен играч, или официјално лице на екипата направат прекршок или влијаат на противнички играч или службено лице (судија) на натпреварот надвор од теренот за игра,

играта повторно ќе продолжи со слободен удар на граничната линија најблиску до местото каде што се случил прекршокот/влијанието. Ќе се досуди директен слободен удар или казнен удар ако ситуацијата е во границите на казнениот простор на прекршителот.

Ако прекршокот е направен надвор од теренот за игра од играч против играч, резервен, заменет играч или официјално лице од неговата екипа, играта повторно ќе продолжи со индиректен слободен удар на граничната линија најблиску до местото каде што се случил прекршокот.

Ако играчот направи контакт со топката со некој предмет (копачка, костобран и др.) кој го држи во рака, играта повторно ќе продолжи со директен слободен удар (или казнен удар).

Ако играч кој е во теренот за игра или надвор од теренот за игра, фрли или удри со предмет (но не и топката со која се игра натпреварот) кон противнички играч, или фрла или удира со предмет (вклучувајќи и топка) кон противник, резервен, заменет или исклучен играч, официјално лице на екипата или службено лице (судија) на натпреварот или кон топката со која се игра во моментот, играта повторно ќе продолжи со директен слободен удар од местото каде предметот го удрил или би можел да го погоди (влијае) на лицето или топката. Ако местото се наоѓа надвор од теренот за игра, слободниот удар се изведува од најблиската точка на граничната линија; се досудува казнен удар ако ова е во границите на казнениот простор на прекршителот.

Ако резервен, заменет или исклучен играч, играч привремено надвор од теренот за игра или официјално лице на екипата фрлат или удрат со предмет внатре во теренот за игра и тоа попречува (влијае) на играта, противникот или службеното лице (судијата) на натпреварот, играта повторно ќе продолжи со директен слободен удар (или казнен удар) каде што предметот попречувал (влијаел) на играта, или удрил или би го погодил противникот или топката со кој се игра натпреварот.

# ПРАВИЛО 13 - СЛОБОДНИ УДАРИ

## 1. Видови слободни удари

Се досудуваат директни и индиректни слободни удари за противничката екипа против екипата чиј играч, резервен, заменет или исклучен играч или официјално лице се виновни за направен прекршок.

**Сигнал за индиректен слободен удар**

Судијата покажува индиректен слободен удар со кревање на раката над главата. Овој сигнал се одржува додека не се изведе ударот и топката не допре друг играч, излезе надвор од игра и претставува јасен сигнал дека не може да се постигне гол директно од овој удар.

Индиректниот слободен удар мора да биде повторно изведен ако судијата не сигнализира дека ударот е индиректен и топката е удрена (шутната) директно во гол.

**Топката влегува во гол**

- Ако се изведува директен слободен удар, и од тој удар топката влезе директно во голот на противникот, се досудува гол
- Ако се изведува индиректен слободен удар, и од тој удар топката влезе директно во голот на противникот, се досудува удар од гол
- Ако се изведува директен или индиректен слободен удар, и од тој удар топката влезе директно во својот гол, се досудува удар од агол

## 2. Процедура

Сите слободни удари се изведуваат од местото каде што се случил прекршокот, освен:

- Индиректен слободен удар за екипата која напаѓа за прекршок кој е направен внатре во противничкиот голмански простор, се изведува од најблиската точка на линијата на голманскиот простор која се протега паралелно со гол линијата
- Слободни удари за одбранбената екипа во својот голмански простор може да се изведат од било каде во тој простор

- Слободни удари за прекршоци кои вклучуваат влегување на играч, повторно влегување или излегување надвор од теренот за игра без дозвола на судијата, се изведуваат од позицијата на топката кога играта била прекината. Меѓутоа, ако играчот направи прекршок надвор од теренот за игра, играта повторно ќе продолжи со слободен удар изведен на граничната линија најблиску каде што е направен прекршокот. За направен прекршок за директен слободен удар, ќе се досуди казнен удар ако ова се случи во границите  на казнениот простор на прекршителот
- Каде што Правилото одредува друга позиција (види Правила 3, 11, 12)

Топката:

- Топката мора да биде неподвижна и изведувачот не смее да ја допре топката повторно, додека таа не допре друг играч
- Топката е во игра само кога е удрена и јасно се придвижи

Додека топката не е во игра, сите противници мора да останат:

- Најмалку на 9,15 m од топката, освен тие што се на сопствената гол линија помеѓу стативите
- Надвор од казнениот простор, за слободни удари направени внатре во противничкиот казнен простор

Кога три или повеќе играчи од одбранбената екипа формираат „ѕид“, сите играчи од напаѓачката екипата мора да останат најмалку 1 m од „ѕидот“ додека топката не е во игра.

Слободен удар може да се изведе со кревање на топката со стапалото или двете стапала истовремено.

Финтирање за изведување слободен удар за да се збунат противниците е дозволено како дел од фудбалската игра.

Ако играчот, додека правилно изведува слободен удар, намерно ја шутне топката во противникот, со цел да се одбие од противникот и изведувачот повторно да игра со топката и ако при изведувањето (шутот), ударот го изведува на внимателен, промислен начин или без употреба на прекумерна сила, судијата дозволува играта да продолжи.

### 3. Прекршоци и санкции

Ако додека се изведува слободен удар, противникот е поблиску до топката од бараната дистанца, ударот се изведува повторно, освен ако не може да се примени предност. Но, ако играчот изведува слободен удар брзо и противникот кој е на помалку од 9.15 m растојание од топката и ја пресретне топката, судијата дозволува играта да продолжи. Сепак, противник кој намерно спречува слободниот удар да биде изведен брзо, мора да биде опоменат за оддолжување на продолжеток на играта.

Ако додека се изведува слободен удар, играчот од екипата што напаѓа е помалку од 1 m од „ѕидот“ формиран од три или повеќе играчи од одбранбената екипа, ќе се досуди индиректен слободен удар.

Кога се изведува слободен удар од одбранбената екипа внатре во својот казнен простор и ако било кои од противничките играчи се внатре во казнениот простор бидејќи немале време да го напуштат казнениот простор, судијата дозволува играта да продолжи. Ако противнички играч кој е во казнениот простор кога слободниот удар е изведен, или влегува во казнениот простор пред топката да биде во игра, ја допира топката или влијае на играта (оди на топка), а топката уште не е во игра, слободниот удар ќе се изведе повторно.

Ако, откако топката е во игра, изведувачот повторно ја допре топката пред да ја допре друг играч, се досудува индиректен слободен удар. Ако откако топката е во игра, изведувачот повторно ја допре топката со рака се досудува:

- Директен слободен удар
- Казнен удар ако прекршокот е направен внатре во казнениот простор на изведувачот, освен ако изведувачот бил голман и во тој случај се досудува индиректен слободен удар.

# ПРАВИЛО 14 - КАЗНЕН УДАР

Се досудува казнен удар ако играчот направи прекршок за директен слободен удар внатре во неговиот казнен простор или во надворешниот дел на теренот паралелно со границите на казнениот простор, како дел од играта, како што е наведено во Правилата 12 и 13.

Гол може да биде постигнат директно од казнен удар.

## 1. Процедура

Топката мора да биде неподвижна на точката за казнен удар и стативите, гредата и мрежата на голот не смеат да се поместуваат.

Играчот кој го изведува казнениот удар мора да биде јасно идентификуван.

Одбранбениот голман мора да остане на гол-линијата, свртен кон изведувачот, меѓу стативите, додека топката е удрена (шутната). Голманот не смее да се однесува на начин кој неправедно го одвлекува вниманието на изведувачот, на пример: со намерно одложување на изведувањето на ударот или допирање на гредите пречката или мрежата од голот.

Другите играчи освен изведувачот и голманот мора да бидат:

- Најмалку 9.15 m од точката за казнен удар
- Позади точката за казнен удар
- Внатре во теренот за игра
- Надвор од казнениот простор

Откако играчите ќе завземат позиции во согласност со ова Правило, судијата дава сигнал за казнениот удар да биде изведен.

Играчот кој го изведува казнениот удар мора да ја удри (шутне) топката напред.  Удар со пета е дозволен под услов топката да се упати напред.

Кога топката е удрена (шутната), одбранбениот голман мора да има барем дел од едното стапало кое ќе ја допира гол-линијата или е во висина на гол-линијата или позади гол-линијата.

Топката е во игра кога е удрена (шутната) и јасно се придвижи.

Изведувачот не смее да игра со топката повторно додека таа не допре друг играч.

Казнениот удар е завршен кога топката ќе престане да се движи, излезе надвор од игра или судијата ја запре играта за било каков прекршок.

Дозволено е дополнително време за казнениот удар да биде изведен и завршен на крајот од секое полувреме од натпреварот или продолженијата. Кога дополнителното време е дозволено, казнениот удар е завршен кога: по изведување на ударот, топката престане да се движи, излезе надвор од игра, игра кој било друг играч (вклучувајќи го и изведувачот) освен одбранбениот голман, или судијата ја запре играта за прекршок од изведувачот или член од екипата на изведувачот.
Ако играчот на одбранбената екипа (вклучувајќи го и голманот) направи прекршок и казнениот удар е промашен/одбранет, казнениот удар се изведува повторно.

## 2. Прекршоци и санкции

Откако судијата ќе даде знак за казнениот удар да биде изведен, ударот мора да се изведе. Ако не се изведе, судијата може да превземе дисциплинска мерка пред повторно да даде знак за ударот да се изведе.

**Ако, пред топката да биде во игра, се случи нешто од следново:**

- Играчот кој го изведува казнениот удар или неговиот соиграч прави прекршок:

  - Ако топката влезе во голот, ударот повторно се изведува
  - Ако топката не влезе во голот, судијата ќе ја прекине играта и играта ќе продолжи со индиректен слободен удар

  Освен во следните случаи кога играта ќе биде прекината и продолжена со индиректен слободен удар, без разлика дали е постигнат или не е постигнат гол:

  - Казнениот удар е изведен наназад
  - Соиграч на идентификуваниот изведувач го изведува ударот; Судијата го опоменува соиграчот кој го извел ударот

Финтирање пред изведувачот да ја удри топката откако изведувачот го завршил залетот (финтирање во залет е дозволено). Судијата го опоменува изведувачот

- Голманот прави прекршок:

  - Ако топката влезе во голот, се досудува гол.
  - Ако топката го промаши голот или се одбие од гредата или стативата/ите, ударот се повторува само ако прекршокот на голманот јасно влијаел на изведувачот
  - Ако топката е спречена да влезе во голот од страна на голманот, ударот е одбранет од голманот, ударот повторно се изведува.

  Ако прекршокот на голманот резултира со повторување на ударот, голманот се предупредува за првиот прекршок, а се опоменува за секој следен прекршок/ци при изведувањето.

- Соиграч на голманот прави прекршок:

  - Ако топката влезе во голот, се досудува гол
  - Ако топката не влезе во голот, ударот повторно се изведува

- Играчи од двете екипи прават прекршок, ударот повторно ќе се изведе освен ако играчот направи посериозен прекршок (пр. „недозволено“ финтирање)
- Двајцата, и голманот и изведувачот прават прекршок во исто време, изведувачот се опоменува и играта повторно ќе започне со индиректен слободен удар за одбранбената екипа

### Ако, откако казнениот удар е веќе изведен:

- Изведувачот ја допира топката повторно пред таа да допре друг играч:
  - Се досудува индиректен слободен удар (или директен слободен удар за играње со рака)

- Топката е допрена од надворешно лице додека се движи напред:

  - Ударот ќе се изведе повторно, освен ако топката не влезе во голот и влијанието од надворешното лице  не го спречува голманот или одбранбениот играч да игра со топката. Во овој случај голот се признава ако топката влезе во голот (дури и ако имало контакт со топката), освен ако влијанието било од страна на екипата што напаѓа.

- Топката се одбива во теренот за игра од голманот, гредата или стативите и потоа ја допира надворешно лице:

- Судијата ја запира играта
- Играта повторно ќе започне со спуштање на судиска топка на местото каде е допрена од надворешното лице

## 3. Табела со можни исходи

**Исход од казнен удар**

| | Гол | Нема гол |
|---|---|---|
| **Предвремено влегување на играч од нападот** | Ударот се повторува | Индиректен слободен удар |
| **Предвремено влегување на играч од одбраната** | Гол | Ударот се повторува |
| **Предвремено влегување на играч од одбраната и нападот** | Ударот се повторува | Ударот се повторува |
| **Прекршок направен од голманот** | Гол | **Ударот не е одбранет:** ударот не се повторува (освен ако нема очигледно влијание врз изведувачот)<br><br>**Ударот е одбранет:** ударот се повторува, а голманот се предупредува; се опоменува за следен прекршок |
| **Голманот и изведувачот прават прекршок во исто време** | Индиректен слободен удар и опомена за изведувачот | Индиректен слободен удар и опомена за изведувачот |
| **Топка удрена наназад** | Индиректен слободен удар | Индиректен слободен удар |
| **“Недозволено“ финтирање** | Индиректен слободен удар и опомена за изведувачот | Индиректен слободен удар и опомена за изведувачот |
| **Погрешен изведувач** | Индиректен слободен удар и опомена за погрешниот изведувач | Индиректен слободен удар и опомена за погрешниот изведувач |

# ПРАВИЛО 15 - УФРЛУВАЊЕ

Се досудува уфрлување за противниците на играчот кој последен ја допрел топката, и целата топка преминала преку надолжната линија по земја или во воздух.

Гол не може да се постигне директно од уфрлување:

- Ако топката влезе во противничкиот гол – се досудува удар од гол
- Ако топката влезе во голот на изведувачот на уфрлувањето – се досудува удар од агол

## 1. Процедура

Во моментот на уфрлување на топката, изведувачот мора:

- Да застане свртен кон теренот за игра
- Да има дел од секое стапало на надолжната линија или на тлото (теренот) надвор од надолжната линија.
- Ја фрла топката со двете раце одзади и над главата од местото каде што топката го напуштила теренот за игра.

Сите противници мора да стојат најмалку 2 m од местото на надолжната линија од каде што треба да се изведе уфрлувањето.

Топката е во игра кога ќе влезе во теренот за игра. Ако топката го допре тлото (теренот) пред топката да влезе во игра, уфрлувањето повторно го изведува истата екипа од истото место. Ако уфрлувањето е неправилно изведено, повторно ќе го изведе противничката екипа.

Ако играчот, додека правилно изведува уфрлување, намерно ја фрла топката во противникот, со цел да се одбие од противникот и изведувачот повторно да игра со топката и ако при тоа уфрлување, уфрлувањето го изведува на внимателен, промислен начин или без употреба на прекумерна сила, судијата дозволува играта да продолжи.

Изведувачот не смее повторно да ја допре топката додека таа не допре друг играч.

## 2. Прекршоци и санкции

Ако, откако топката е во игра, изведувачот повторно ја допре топката, пред таа да допре друг играч, се досудува индиректен слободен удар. Ако изведувачот направи прекршок за игра со рака:

- Се досудува директен слободен удар
- Се досудува казнен удар ако прекршокот е направен внатре во казнениот простор на изведувачот, освен ако топката ја фатил со рака голманот на одбранбената екипа, во тој случај се досудува индиректен слободен удар

Противник кој неспортски го одвлекува вниманието или го попречува изведувачот (вклучувајќи и движење поблиску од 2 m од местото од каде што треба да се изведе уфрлувањето), се опоменува за неспортско однесување, а ако уфрлувањето веќе е изведено, се досудува индиректен слободен удар.

За секој друг прекршок, уфрлувањето го изведува играч од противничката екипа.

# ПРАВИЛО 16 - УДАР ОД ГОЛ

Се досудува удар од гол кога целата топка ќе премине преку попречната линија, по земја или во воздух, откако последен ја допрел играчот од екипата на нападот, а не е постигнат гол.

Гол може да се постигне директно од удар од гол, но само против противничката екипа, ако топката директно влезе во голот на изведувачот, се досудува удар од агол за противникот.

## 1. Процедура

- Топката мора да биде неподвижна и удрена од било која точка внатре во голманскиот простор од играч на одбранбената екипа
- Топката е во игра кога е удрена и јасно придвижена
- Противниците мора да бидат надвор од казнениот простор додека топката не биде во игра

## 2. Прекршоци и санкции

Ако, откако топката е во игра, изведувачот повторно ја допре топката пред таа да допре друг играч, се досудува индиректен слободен удар. Ако изведувачот повторно ја игра топката со рака:

- Се досудува директен слободен удар
- Се досудува казнен удар ако прекршокот е направен внатре во казнениот простор на изведувачот, освен ако изведувач бил голманот, во тој случај се досудува индиректен слободен удар

Кога ударот од гол е изведен, и ако било кои од противничките играчи се внатре во казнениот простор бидејќи немале време да го напуштат, судијата дозволува играта да продолжи. Ако противнички играч кој е во казнениот простор кога ударот од гол е изведен, или влегува во казнениот простор пред топката да биде во игра и ја допира топката или влијае на играта, ударот од гол повторно се изведува.

Ако играч влезе во казнениот простор пред да биде топката во игра и направи прекршок или врз него е направен прекршок од противник, ударот од гол  повторно ќе се изведе, а прекршителот може да биде опоменат или исклучен, зависно од тежината на прекршокот.

За секој друг прекршок, ударот повторно ќе се изведе.

# ПРАВИЛО 17 - УДАР ОД АГОЛ

Се досудува удар од агол кога целата топка ќе премине преку попречната линија, по земја или во воздух, откако последен ја допрел играчот од одбранбената екипата, а не е постигнат гол.

Гол може да се постигне директно од удар од агол, но само против противничката екипа. Ако топката директно влезе во голот на изведувачот, се досудува удар од агол за противникот.

## 1. Процедура

- Топката мора да биде поставена во аголот најблиску до страната каде што топката преминала преку попречната линија
- Топката мора да биде неподвижна и удрена (шутната) од играч на екипата од нападот
- Топката е во игра кога е удрена (шутната) и јасно придвижена, не мора да го напушти аголот
- Корнер знаменцето не смее да се поместува
- Противниците мора да бидат одалечени најмалку 9.15 m од лакот на аголот додека топката не биде во игра

## 2. Прекршоци и санкции

Ако, откако топката е во игра, изведувачот повторно ја допре топката пред таа да допре друг играч, се досудува индиректен слободен удар. Ако изведувачот повторно ја игра топката со рака:

- Се досудува директен слободен удар
- Се досудува казнен удар ако прекршокот е направен внатре во казнениот простор на изведувачот, освен ако изведувач бил голманот, во тој случај се досудува индиректен слободен удар

Ако играчот, додека правилно изведува удар од агол, намерно ја шутне топката во противникот, со цел да се одбие од противникот и изведувачот повторно да игра со топката и ако при изведувањето (шутот), ударот го изведува на внимателен, промислен начин или без употреба на прекумерна сила, судијата дозволува играта да продолжи.

За секој друг прекршок ударот, повторно ќе се изведе.